


Гласник на Австралиско–сиднејската епархија при МПЦ – ОА

# ПРАВОСЛАВИЕ

списание за православна вера, култура и образование

Февруари 2018 | број 4 | година 1

## ПРЕДГОВОР

Со благослов на Неговото Високопреосвештенство,
Митрополитот Дебарско–кичевски и Администратор Австралиско–сиднејски
г. Тимотеј

# ДО ЧИТАТЕЛИТЕ НА СПИСАНИЕТО „ПРАВОСЛАВИЕ“

*Почитувни наши верни чеда,*

И во ова 2018 лето Господово сме заедно со вас. Со Божја помош стигнавме до четвртиот број на епархискиот гласник на Австралиско-сиднејската епархијана МПЦ – ОА, „Православие“. Овој број на црковниот гласник е посветен на празникот Сретение Господово. Сретение е празникот од каде потекнува зборот „среќа“. Сретението, средбата, среќавањето со Бог е вистинската среќа. Светиот Симеон триста години го чекал тој момент кога Го сретнал Бог и Го зел во своите раце. Ние не требаше да чекаме толку многу, туку само три месеци за повторно да се сретнеме со новиот број на „Православие“ и го земеме во нашите раце. Искрено се надеваме дека и овој број ќе ви донесе вистинска среќа и сретение со Бога.
Овој број од списанието ќе ви овозможи да научите нешто повеќе за православната вера, да ги зголемите вашите знаења. Носечка тема е празникот Сретение Господово, но списанието содржи и доста други разновидни теми со духовна тематика. Особено во овој број е даден акцент на темата за Богопознаето – познанието на Бога.
Во овој број додадовме пет нови рубрики и тоа Црковна уметност и архитектура, Интервју, Помесни православни цркви, Светоотечко богословие и Свето Писмо. Посебно значајна е втората рубрика. За наша радост го направивме првото интервју со Архимандритот Гаврил (Галев), игумен на манастирот „Свети Климент Охридски“ во Кинг Лејк (Мелбурн), кој воедно е одговорен уредник на списанието. Оваа рубрика во овој број ќе биде додаток на списанието. Додека третата рубрика ја започнавме со новости од Антиохиската црква на Австралиско тло. Тоа е најново, другите работи си остануваат непроменети и вообичаено се присутни сите рубрики. Исто така поместивме и повеќе информации и новости од епархискиот живот во рубриката Вести и настани. Во овој период нашата Епархија се збогати со уште тројца нови свештенослужители на кои им посакуваме успешна и плодна мисија. На отец Климент Станковски, пак му ја честитаме годишнината од почетокот на неговата служба во Епархијата.
А на крај оставивме, секако, и простор за вашите критики. „Православие“ го издаваме за вас драги наши пријатели, браќа и сестри. Токму затоа ни се потребни и вашите коментари (позитивни и негативни) за да знаеме по кој правец да се движиме и како да се подобриме, а „Православие“ да го направиме Ваше омилено списание. Затоа, искрено ве молиме, сите ваши забелешки, коментари, критики, пофалби да ни ги испраќате на pravoslavie@mpcaus.org. Некои од нив ќе бидат и јавно објавени.
Поради огромниот интерес за нашето списание од страна на наши читатели од Република Македонија, Редакцијата на списанието нуди можност сите заинтересирани да пратат барање на следниот е-маил: mpcoau@gmail.com и ќе им биде испратено списанието. Исто така списанието е достапно и во електронска верзија на епархискиот веб-сајт www.mpcaus.org.




Нека овој наш скромен труд биде во слава на нашиот Бог – Пресвета Троица. Се надеваме дека барем со мислите за миг ќе успееме да Ве префрлиме во настанот на Сретението Господово и дека ќе успеете да ја поделите радоста Симееонова, заради средбатата со младенецот Христос.
Ви посакуваме духовно насладување, просветление и со Бога сретение, читајќи го четвртиот број на „Православие“.

Со почит,
Епархиски црковно
просветен совет (ЕЦПС)



## СОДРЖИНА


2 Предговор
ДО ЧИТАТЕЛИТЕ НА СПИСАНИЕТО „ПРАВОСЛАВИЕ“
Епархиски црковно – просветен совет

4 Беседа
БЕСЕДА ЗА ПРАЗНИКОТ СРЕТЕНИЕ ГОСПОДОВО
Митрополит г. Тимотеј

6 Догматика
БОГОПОЗНАНИЕ
П. Богословски

10 Литургиско богословие
ЛИТУРГИЈА НА ПРЕТХОДНООСВЕТЕНИ ДАРОВИ
Архимандрит Гаврил (Галев)

13 Современо богословие
ЦРКВАТА И НЕЈЗИНИОТ ИДЕНТИТЕТ (1 ДЕЛ)
Епископ Браничевски д-р Игнатиј

16 Житија на светиите
ЖИТИЕ НА ПРЕПОДОБНИОТ ЈОАНИКИЈ РАКОТИНСКИ
Архимандрит Гаврил (Галев)

18 VENERABLE JOANIKIJ OF RAKOTNICA THE BIOGRAPHY
Father Gabriel (Galev)

20 СВЕТИ ТРИ СВЕТИТЕЛИ
Др. Ананија Ананиевски

22 Поуки
ЗА СЛАВЕЊЕТО НА СВЕТИ ТРИФУН И СВЕТИ ВАЛЕНТИН
Ѓакон Димитар Арсовски

24 МОЛИТВАТА – НАЈДОБАР НАЧИН ДА ГО ГРАДИМЕ ОДНОСОТ СО ДРУГИТЕ
Јеромонах Г.

26 Детско катче
ПРЕД ЛИКОТ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА
Протојереј Чедомир Илиевски

27 Црковна историја
ИЛИНДЕНСКОТО СОНЦЕ ГИ ГРЕЕ ЛИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ШИРУМ АВСТРАЛИЈА (2 ДЕЛ)
Кире Циревски

32 Црковна уметност и архитектура
ЗА ИКОНАТА НА СРЕТЕНИЕ ГОСПОДОВО
Монах Григориј (Круг)

34 Репортажа
МАРКОВ МАНАСТИР „СВЕТИ ВМЧ. ДИМИТРИЈ СОЛУНСКИ“
игуманија Илијана (Илкова)

38 Вести и настани
ВЕСТИ И НАСТАНИ ОД ЕПАРХИЈАТА

61 Младинска организација
ВО МАНАСТИРОТ ВО КИНГ ЛЕЈК СЕ ОДРЖА 11-ОТ ПО РЕД МАКЕДОНСКИ ПРАВОСЛАВЕН СЕМИНАР
Даниела Затаракоска

62 MOYA SEMINAR XI
Daniela Zatarakoska

64 ORTHODOX CHURCH IN THE MODERN SOCIETIES (PROBLEMS, SOLUTIONS AND ISSUES)
Father Vlado Nedeski

67 ПРАВОСЛАВНАТА ЦРКВА ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ (ПРОБЛЕМИ, РЕШЕНИЈА, ПРЕДИЗВИЦИ)
Презвитер Владо Недески

70 Прашања и одговори:
НА КОЈ НАЧИН МОЖЕМЕ ДА ДОЈДЕМЕ ДО ПОЗНАНИЕ НА БОГА ВО НАШИОТ ЖИВОТ?
Архимандрит Гаврил (Галев)

71 Помесни православни цркви
THE NEW METROPOLITAN - SAYEDNA BASILIOS
Aleksandar Mladenovski

74 Изданија
ИЗЛЕЗЕ ОД ПЕЧАТ ПРВИОТ БРОЈ НА ПЕРИОДИКАТА „КИНОНИЈА“
Др. Ананија Ананиевски

75 СЕ ОТПЕЧАТИ КНИГАТА „СВЕТА БОЖЕСТВЕНА ЛИТУРГИЈА НА СВЕТИ ЈОВАН ЗЛАТОУСТ“ - ХОРСКА ВЕРЗИЈА / THE DIVINE LITURGY OF THE SAINT JONH CHRYSOSTOM – CHOIR VERSION
Епархиски црковно-просветен совет

78 Светоотечко богословие
ЗА ПОСТОТ И МОЛИТВАТА
Св. Јустин Келиски

79 од Светото Писмо
СВЕТО ЕВАНГЕЛИЕ И ПОСЛАНИЕ

# БЕСЕДА ЗА ПРАЗНИКОТ СРЕТЕНИЕ

*г. Тимотеј, Митрополит Дебарско-кичевски и Администратор Австралиско-сиднејски*

*Во името на Отецот и Синот и Светиот Дух!*

Во времето кога се родил Господ Исус Христос во Витлеем, во Ерусалим живеел еден праведен старец Симеон, кој според ветувањето Божјо го очекувал раѓањето Христово. „А во Ерусалим живееше тогаш еден човек по име Симеон; и тој човек беше праведен и благочестив; и ја очекуваше утехата Израилева; и Светиот Дух беше во него“ (Лука 2,25).

Да се обидеме барем со мислите да се префрлиме во еден момент во тоа време и ние по примерот на праведниот Симеон, да го доживееме и да се сретнеме со Христа нашиот Спасител, да ја поделиме радоста со Симеон заради средбата со младенецот Христос.

Раѓањето Христово во Витлеем го објавиле ангелите небесни, а витлеемските пастири го поздравиле заедно со мудреците од исток; додека, пак, народот Израилски со своите водачи во мртов сон спиел, бидејќи не можел да го препознае времето кога Господ го посетил. Но, сепак се нашол меѓу нив еден човек по име Симеон, праведен и побожен, кој желно ја очекувал утехата Израилева – доаѓањето на Избавителот. Нему му било ветено дека нема да умре додека нѐ Го види со свои очи Помазаникот Божји. Тој нестрпливо го очекувал тој момент. Будно ги набљудувал посетителите на Ерусалимскиот храм, за еден ден да биде достоен да ја сретне утехата Израилева. Згодледувајќи Дете во прегратките на Мајката, некој таинствен внатрешен глас му ја открил големата тајна: Детето во прегратките на Мајката е Месија – утехата Израилева. Потрчал во пресрет на Мајката со Детето, Го зел во своите раце и рекол: „Сега го отпушташ Својот слуга со мир, Владико, според зборовите твои; зошто очите мои го видоа спасението Твое, што си го приготвил пред лицето на сите народи; светлина за просвета на незнабошците и слава на Твојот народ, Израилот“ (Лука 2,29-31).

Одамна пророкот Исаија претскажал дека Месијата ќе биде светлина на народите, дека еднаш ќе им засветли светлина и на тие кои седат во смртна темнина. Еве ова претскажување се исполни. Праведниот Симеон ја пресретна таа светлина.

> „ДА СЕ ОБИДЕМЕ БАРЕМ СО МИСЛИТЕ ДА СЕ ПРЕФРЛИМЕ ВО ЕДЕН МОМЕНТ ВО ТОА ВРЕМЕ И НИЕ ПО ПРИМЕРОТ НА ПРАВЕДНИОТ СИМЕОН, ДА ГО ДОЖИВЕЕМЕ И ДА СЕ СРЕТНЕМЕ СО ХРИСТА НАШИОТ СПАСИТЕЛ, ДА ЈА ПОДЕЛИМЕ РАДОСТА СО СИМЕОН ЗАРАДИ СРЕДБАТА СО МЛАДЕНЕЦОТ ХРИСТОС.“

Но, личноста на Господа Исуса Христа не засветли само тогаш, а после тоа засекогаш да ја снема, туку свети до крајот на светот и векот. Навистина Христос е вистинска и постојана светлина, која го осветлува патот на сите луѓе и народи. Зашто Он и еденствен можел да каже: „Јас сум Светлината на светот; кој врви по Мене, нема да оди во темнина, а ќе има светлина во животот“ (Јован 8,12).

Господ Исус Христос како вистинска светлина, помеѓу луѓето го осветлувал патот и ќе го осветлува до крајот на светот. Тој осветлувал и со зборови и со дела и секој Негов збор, кој паднат во човековите души и срца е со божествена вистина, правда, љубов и милосрдие. Тој ги осветувал и просветлувал сите кои биле во темнина. Луѓето осветлени со таа светлина можеле да го видат и познаат Творецот свој.

Свети апостол Павле, пишувајќи го своето послание до Ефесјаните порачува: „Вие некогаш бевте темнина, а сега сте светлина во Господа: живеете како деца на светлината“ (Ефес. 5,8).

Но, бидејќи сме деца на светлината имаме и некои обврски: да живееме како деца на светлината; како вистински деца Божји, да светиме со нашиот живот и работа, да живееме според светата волја Божја, и на сите околу нас; и со тоа да покажеме дека сме синови на небесната светлина, вистина и правда, љубов и милосрдие; на сѐ што е свето и честито. Мораме со своите дела да покажеме: дека сме синови на светлината, деца на небото – на нашиот небесен Отец, извор на љубов и светлина и на сите благодети Божји.

Праведниот Симеон се удостоил да Го сретне Христа, да Го земе во своите старечки раце, бидејќи меѓу неговите сограѓани светел и ден и ноќ со својот богоугоден живот и работа.

Да се потрудиме и ние, со помошта Божја, со покајание да ги очистиме своите срца и души од сѐ што е нечесно, а што нѐ одалечува од Божјата светлина; и дури тогаш ако успееме, ќе се удостоиме и ние да Го сретнеме Христа – таа непоминлива небеска светлина, да нѐ осветли и нас со својата светлост, да нѐ загрее и препороди за вечен живот. Амин!



Од 21. IX 1981 година, со Одлука на САС на МПЦ, е назначен за Митрополит Австралиски, т.е. да раководи со Австралиската македонска православна епархија. Тогашните услови налагаа да му биде доделена и упразнетата (по изборот на тогашниот Митрополит Дебарско–кичевски Ангелариј за Архиепископ) Дебарско–кичевска епархија како нејзин Администратор со седиште во Охрид, од каде што со голем елан, самопрегор, трпеливост и тактичност ќе раководи со двете епархии.





# БОГОПОЗНАНИЕ

*П. Богословски*

*Да Го гледаме Бога – таков како што е Он е!*

Човекот е создаден за богоопштење и природно е за него да го сака својот Творец и да тежнее кон Бога. Тој што го сакаме, логично е и да сакаме да го познаваме. Богопознание се нарекува познанието на човекот на својот Творец – Троичниот Бог. Богопознанието е дар Божји, но и плод на живиот духовен опит на човекот, кој е создаден да Го познава и да е во заедница со својот Создател. Да се спознае нешто, значи да се стапи со него во личен однос, во одредена мера да се приклучи кон животот на другата личност.

Бог на човекот му се јавува како Личност, како што некогаш му се јавил на Мојсеј на гората Синајска: „Јас сум Оној кој што е” (2. Мој. 3,14). Големата тајна на Личноста е содржана во фактот, дека сме создадени според образот Божји, и дека Бог ни се откри во своето Име: „Азъ єсмъ сыи”. Целото битие, овој свет и Бог се содржат во моето јас и Неговото Ти. Ако сме во Бога, тогаш и јас сум - постојам, но надвор од Него умирам.

Светот никогаш немаше да дојде до Богопознание, ако Бог Логосот - Второто лице од Светата Троица не се воплотеше во човечка природа. Значи, вистинската и непоколебливата основа на Богопознанието ни е дадена во воплотеното Слово Божјо, Исус Христос. За тоа сведочи и светиот апостол Јован во Евангелието: „Бог никој никогаш не Го видел; Еднородниот Син, Кој е во крилото на Отецот – Он Го објави“ (Јован 1,18). Да Го познаеш Бог, да стапиш во Богопознание е божествен призив, насочен кон човекот. Да Му одговориш на Бога – значи да Го познаеш, да се причестиш со Бога, да го здобиеш животот вечен: „А живот вечен е тоа, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исуса Христа“ (Јован 17,3).



Во европската филозофија човекот се јавува во делови. Сите овие философски системи не можат да направат едно логично единство и даваат еден обичен резултат: сосема површинско познавање и неможност за реално познавање на светот и на човекот. Никаде во нив ја нема вистината. Неуспехот на нехристијанските философи денес, а и во минатото, е тоа што кога ја бараат вистината, секогаш го поставуваат прашањето што некогаш Пилат му го поставуваше на Христос: „Што е тоа вистина?“ (Јован 18,37-38). Вистината никогаш не се бара со Што, туку со Кој, зашто вистината е во личноста на Богочовекот Христос. „Јас сум патот, вистината и животот“ (Јован 14,6). Непремостливата провалија помеѓу човекот и трансцендентната (недостапната) вистина се надминуваат во личноста на Христос Богочовекот, Кој и самиот е Вистина. Во личноста на Богочовекот Христос, Божествената Вистина останува иманентна (достапна) на човекот - објективна, и претставува вечна, жива, историска стварност. Затоа Богопознанието не се јавува како некаков еднечен акт, туку е бесконечен процес на созревање на човекот во благодатта и вистината, како што нè советува Самиот Спасител: Ако вие останете при Моето слово навистина ќе бидете Мои ученици; и ќе ја познаете вистината и вистината ќе ве ослободи (Јован 8,31-32).

> „ЦЕЛ НА ЧОВЕКОВИОТ ЖИВОТ НА ЗЕМЈАТА Е ДА СЕ БОГОУПОДОБУВА, ДА СЕ ОБОЖИ, ДА СТАНЕ „БОГ ПО БЛАГОДАТ“. ПАТОТ КОН БОГОПОЗНАНИЕТО СЕКОГАШ ВОДИ ПО ПАТОТ НА ОБОЖЕНИЕТО, КОН ПРОСВЕТЛУВАЊЕТО СО НЕСОЗДАДЕНИТЕ БОЖЈИ ЕНЕРГИИ, КОН СЕБЕПОЗНАНИЕ.“

## *Патот кон Богопознанието*

Патот кон Боговидението пред сè е пат кон Богоподобие. Цел на човековиот живот на земјата е да се Богоуподобува, да се обожи, да стане „бог по благодат“. Патот кон Богопознанието секогаш води по патот на обожението, кон просветлувањето со несоздадените божји енергии, кон себепознание.

За човекот да го изоди тој пат потребен е духовен подвиг, бидејќи Бога не можеме и не треба да Го спознаеме само со разумот и логиката. Знаењето во науката се разликува од познанието во верата. Разумот не е единствената способност на човекот. Тој има способност да си поставува прашања на самиот себе, способност на себепознание. Исто така човекот има волја да се стреми кон нешто и има чувства и емоции. За разлика од научното спознание на матријалниот свет, верата го опфаќа целиот човек, сите негови способности.

Во Православието, според учењето на светите отци, како главната причина поради која не можеме да го созерцаваме сè она што е Божјо е состојбата со органот за спознавање. Анализирајќи го човекот и неговата емпириска даденост, светите Отци, согледуваат дека гносеолошките органи се заболени. Причината е гревот. Гревот има свои чувства, а тоа се страстите, кои се болест на душата. Гревот и страста не и припаѓаат на душевната природа, но тие се туѓ и противприроден додаток на душата. Умот може да ги согледува тајните, откако ќе оздрави. Со духовно созерцание се удостојуваат само оние кои преку практикување на добродетелите стекнуваат душевна чистота. „Блажени се чистите по срце зашто тие ќе го видат Бога” (Матеј 5,8).

Методологијата на христијанската гносеологија во потполност ја наоѓаме разработена кај светите Отци. Еден од светите философи и подвижници - свети Исаак Сирин на едно место вели: вистинското созерцание на сетивната и надсетивната природа и на Света Троица, доаѓа во Христовото откровение. Христос тоа им го покажал на луѓето, најпрво кога во Својата Ипостас го извршил обновувањето на човечката природа, на која и ја вратил и повторно и ја дал првичната слобода и со Себе нас нè понесе да го поминеме патот, па со Неговите животворни заповеди да стигнеме до вистината. Значи Бог и човекот во личноста на Богочовекот се соединети неразделно, така што човечкиот разум не се уништува, туку се препородува, исчистува, осветува, продлабочува и се оспособува за познавање на Богочовечките вистини на животот. Преку познанието во верата се надминува проблемот со вистинското познание, бидејќи проблемот на познанието во својата основа е религиозно-етички проблем.

За човекот да ја направи субјективно иманентна потребно е практикување на Божјите заповеди. За него, тие не претставуваат некакви морални принципи, туку самооткривање на Бога. Задолжителен услов за Богопознание е вистинската, длабока и искрена желба за дознавање на вистината, верата во Бога и Божјото откровение: Светото писмо и Светото предание, како и списите и учењата на светите отци на Црквата, но најважен услов е нашата лична средба со Бога, бидејќи „човекот е создаден за Бога и својот идентитет, исполнување (полнота) и совршенство ги наоѓа во Него“. Кога човекот, на повикот на Црквата: „Вкусете и видете“ ќе Го прими Бога во себе врз основа на

својот личен опит ќе може да каже: „Сега самиот Го сретнав Бога и Го познавам лично, сега не ми е потребно никакво сведоштво за Него“. Но за да се дојде до таа лична средба до тоа лично сретение со Бога потребно е покајание. Според познатиот професор Алексеј Илич Осипов: „Ако нема покајание, потрагата по Бога не е ништо повеќе од хоби и разонода“. Тој во еден од своите трудови, кога говори за патот кон Богопознанието, го напишал следното: Покајанието е почеток на обраќањето кон Бога. Тоа е првиот чекор на патот кон Бога, на патот кон Богопознанието. Оние кои го бараат Бога – богобарателите единствено можат га Го најдат Бога во христијанството и со покајанието, преку кое ќе принесеме болка во душата, раскајување за претходниот живот поминат во гревови и незнаење на Бога, бидејќи ако нема покајание и ако не постои желба за ослободување од греховниот товар, не може да се започне патот кон Бога. Ако нема покајание, тогаш доаѓањето во христијанството може да заврши со ништо. Вистинското созерцание започнува штом станеме свесни за гревот во нас. Последици на гревот се: човековото одвојување од Бога, смртноста на човековото тело, судот врз човековата душа по смртта, склоноста кон гревот, која станува особина на секој човек, бидејќи сите сме потомци на ист човек, на Адам. Според преподобниот Силуан смирението Бог ни го дарува Светиот Дух преку кого го познаваме Бога исто како што и Адам пред падот Го гледал и постојано се наситувал од Неговата љубов.

## *Гледањето на несоздадената Светлина како врв на Богопознанието*

Насетувањето на гревот е духовен чин, невозможен без благодатта, без приближување кон несоздадената Светлина. Преку несоздадените енергии Божји, односно благодатта, ние ги согледуваме нашите слабости и гревови, се каеме, се подвизуваме, го спознаваме Бога и заедничариме со Бога, па дури и како врв на тоа Богопознание и Богозаедничарење и нејзиното пројавување во вид на светлина и гледањето со нашите телесни очи.

Во тој момент душата ја познава, исто како некогаш апостолите гледајќи го Неговото преображение. Тогаш таа како и тие изговара: „Господи добро ни е да бидеме овде“ (Матеј 17,4). Тоа е ден на повторно раѓање, момент кога повикот: „Господи помилуј ме грешниот“ на човекот му станува лајтмотив олицетворен низ целиот живот. И апостол Павле на патот кон Дамаск ја видел таа иста Светлина, и во нејзината појава го препознал Христос. Исто така и многу ерарси, маченици и праведници во минатите векови беа удостоени со сличен дар. Па и во нашите денови оваа благодат не престанува да се излива на оние кои веруваат. Видувањето на несоздадената Светлина е нераскинливо врзано со верата во Христовото Божество. Преку човечкото тело во Христос, преобразено на Тавор, се покажала природата на Божеството. Таа е одблесок на Трите Лица, созерцувана од апостолите. Ние, пак, го согледуваме во тој прославен облик. Од ова гледаме дека човечката природа на Богочовекот послужува како можност за откривање на Светата Троица.

Свети Симеон Нов Богослов, кој бил цврсто убеден дека Бог ја раздава во полнота својата благодат на секој кој го бара од сето свое срце, вели: „Божјата светлина станува начело на нашата свест, во неа ние Го познаваме Бога и се запознаваме самите себе. Таа ги испитува длабочините на битието кое се соединува со Бога“. Оваа Светлост, старец Софрониј (Сахаров) ја нарекува Светлост на Воскресението, зашто при доаѓањето на оваа Светлост човечкиот дух преминува каде што не постои смртта.





## *Богопознанието е реалност за секој христијанин*

Богопознанието е реалност. Верата во воплотеното Слово Божјо и чувањето на Неговите заповеди, се елементите на таа реалност. Од читањето на житијата и делата на светите Отци гледаме дека созерцанието на Божествените работи се потполна реалност за сите христијани. И за свети Симеон созерцанието и гледањето на Бога е суштинска црта на секој христијанин, па тоа име (христијанин) не може да го носи оној кој сѐ уште немал познајно видение. Тој на едно место вели: „А оние кои уште не се познале и не созерцувале такво богатство ниту барале со голема истрајност, плач и солзи, да се исчистат и на таков начин да го стекнат и потполно да се соединат со него, и да имаат заедница во Него, кажи како воопшто да се нарекуваат христијани?“

Но, ете, дарот Христов се отфрла. Ние Христијаните треба да знаеме дека едно е да се верува дека Бог постои, а друго е да се познава Бог. Многу филозофи и учени луѓе доаѓаат до уверување дека постои Бог, но не го познале. Ние треба да се трудиме да Го запознаваме и да Го познаеме нашиот Бог, победувајќи ја причината, која води до незнаење. Причината е една, а неа ја создава коренот на сите гревови - гордоста. Затоа смирението е неопходно во процесот на познанието на Бога. Но, заедно со смирението потребно е и малку: труд, трпение, упорност, стремење кон љубов и жртва. Кога човекот вистински ќе се смири пред Бога со него се смирува и цела природа. Само смирените се подготвени за вистинско созерцание и познание, бидејќи смирението е плод на познанието, а познанието е плод на искушенијата, затоа што тоа се добива преку борба со искушенијата. Човековата природа постанува способна за созерцание на Бога, на Пресветата Троица кога преку практикување на добродетели ќе успее да се очисти од страстите. Кога човекот, преку страдање и извршување на заповедите, ќе успее да го остави зад себе стариот човек и кога духовно ќе се препороди. За тоа потребно е самовдлабочување. Старец Мојсеј Светогорец нагласува дека: „Човекот ќе Го најде Бога внатре во себе си... Не треба човек да оди подалеку и да бара многу. Човекот треба малку да успори, да потоне во себе си, да види по што постојано трча и каде се движи, да го спознае своето заборавено јас..., бидејќи ако си се спознал себе си – си Го нашол Бога! Си го видел твојот брат? – Си созреал во Бога. Неопходно е темелно себепознание, кое води до сигурно Богопознание“. Затоа е важно себепознанието, бидејќи тоа нѐ води до целта на христијанскиот живот – до созрцание на Бог – Пресвета Троица.

Царството Божјо е духовно созерцание и него само чистите по срце ќе го наследат, бидејќи тие ќе Го видат Бога. Чистотата Го гледа Бога. И додека човек не се очисти и нѐ се најде на патот кон обожението низ труд и бдеење над себе и додека со чисти мисли не ја облагороди својата душа – не може да Го види Бога. Гледањето на Бога доаѓа од претходно познание на Бога. Светителите Го гледале и Го гледаат Бога, бидејќи се обожени личности. Тие ни се најдобар пример на патот на нашето Богопознание.

Обожението е единствен начин на постоење, кое се случува во литургијата, која претставува простор за восовршување во вечноста, т.е. во Црквата се преобразува и се осветува целокупниот живот на творбата. Кога човекот живее литургиски и евангелски – живее во Бога, а кога живее во Бога, кога говори „како од Бога“ (2 Кор. 2,17), кога гледа на светот sub specie Christi, тогаш целиот свет му се јавува во својата првобитна убавина. Во Литургијата, човекот ја принесува сета твар во заедница со Бога. Така живеејќи, човекот постојано дали со своите мисли, дали со чуствата, со дело или со подвиг, постојано наидува на Бога како на негов главен извор. Кај него сѐ е од Отецот, преку Синот во Светиот Дух.

Од нас и од нашата усрдност зависи дали ќе успееме да стигнеме до Бопопознание. Нашата духовна состојба зависи од нас самите. Од човекот и од неговата слободна волја. Ние ја создаваме својата духовна состојба и ние или се наградуваме или сами се казнуваме. Обраќањето кон Бога, молитвата кон Бога е наше изменување, промена на духовната состојба и преку тоа изменување се приближуваме кон Бога. Како што пишува свети Антониј Велики: „Кога ние живееме според Бога, ние се приближуваме кон Бога; кога ние се противиме на Божјите заповеди, ние се соединуваме со демоните - мачители“. Само преку благодатно - подвижнички живот ќе успееме најсигурно да стигнеме до Бога и да го познаеме Бог .



# ЛИТУРГИЈА НА ПРЕТХОДНООСВЕТЕНИ ДАРОВИ

*Архимандрит Гаврил (Галев)*

Литургијата од една страна е реална животна средина, а од друга страна, извор од кој ние се храниме со непропадлива храна. И заради тоа нас ни е потребно да живееме во таа атмосфера и да се храниме со таа храна. Затоа и Господ пред да биде распнат, пред да умре на Крстот, да воскресне и се вознесе, ни ја покажа и ни ја даде таа вистинска храна – Телото и Крвта Негови. Пред да се вознесе на небесата Тој им вети на своите апостоли дека ќе им го испрати Утешителот, Духот на Вистината, и Тој тоа го исполни на Педесетница со што и ја оформи Црквата, и затоа Црквата е нашето вистинско место во кое живееме, а Светата Причест е нашата вистинска храна и пиење со кои се храниме и надвор од тоа нема живот.

Литургијата е радосен настан. Кога Го прашале Господ Христос зошто апостолите не постат, Тој им одговорил дека, додека е Младоженецот со нив тие не треба да постат, туку да се радуваат бидејќи Младоженецот е со нив. Доаѓа таговно време, исто одговорил, и тоа таговно време е сегашното време, а посебно деновите на строг пост. Во тие денови светите отци определиле дека не треба да се служи света Литургија. Затоа за време на Велигденските пости не се служи Литургија од понеделник до петок.

Света Причест, како што рековме е нашето вистинско јадење и пиење од кои примаме живот вечен и затоа требало да се најде начин верните да можат да се причестуваат и за време на тие тагови денови.

Во првите векови кога христијаните биле гонети, Литургијата се служела во недела и на сите верни свештеникот, поточно епископот, им давал причест од масата (тогаш немало олтар, се било откриено) и си го носеле дома и се причестувале секој ден. Кога се дозволила слобода за христијанската вероисповест, немало повеќе потреба да се зема дома, зашто секој ден можело да се служи Литургија. Подоцна само монасите кои живееле во пустина, а не мирјаните, се причестувале со причест која ја земале со себе, а пред да се причестат се молеле.



Кога се официјализирала Христијанската вера, кога била униврезално објавена во Византија како државна религија со слобода на вероисповед, тогаш и богослужбите добиваат раскош и великолепие, но светите отци, покрај се, сакале да ги задржат двете правила – да не се служи Литургија поради жалењето, но и да се причестат. Затоа светите отци од источната Црква го воделе овој начин на причест, кој во суштина е Вечерна служба со причестување и заради причестниот карактер го добила и името Литургија на претходноосветени дарови.

Се мисли дека свети Григориј Двоеслов папа Римски го измислил овој начин на служење, но не е така – тој само го актуелизирал и прославил (фаворизирал). Кога дошол во Византија (Источното Римско царство) видел дека таму така служат и му се допаднало, па кога се вратил во Рим го вовел тој начин на молитва, затоа што до тоа време во Рим сѐ уште за Велигденските пости се служила свечена Литургија. Заради тоа на претходната Литургија, во недела, се вадат и се осветуваат толку агнеци, колку што сакаме да имаме такви Лигургии преку текот на седмицата и заради таквиот начин на осветување на агнецот тие Литургии го добиле називот Литургија на претходноосветените дарови. Кога се служи пак таква Литургија на претходноосветени дарови, не кажуваме никакви молитви за осветување, туку само молитвите за Причест, зашто се е направено во Неделната воскресна литургија, која заради нагласениот аскетизам за време на постите, светите Отци предвиделе да се служи Василиевата Литургија како поебемна.

Литургијата на претходноосветените дарови се смета како продолжена Литургија на претходната, затоа и почнува со Благословено е царството на Отецот..., но нема призив на Светиот Дух како вообичаено. Кога свештеникот пред вообичаената Литугија се облекува тој кажува молитви, но сега, тука тие ги нема. Кога се завршува чинот се вели: По молитвите на светите отци наши. Во триодот пишува дека во среда и петок се служи Литургија, но тоа не е апсолутно правило кое забранува да се служи Литургија секој ден, затоа уште се вели... и ако падне во некој од тие денови спомен на некој светител. Само на Благовештение може да се служи свечена Литургија во постите.

Светите отци определиле евхаристиски пост – на нејадење, односно подготовка пред причеста и аскетски пост – кој го практикуваме секогаш за да бидеме поблиску до Бога и да се чистиме од страстите, а доминацијата на телото да ја намалиме во однос на духот. За евхаристискиот пост нема канон за колку време да се гладува пред причест, туку има само правила кои ги дале локалните Цркви, а тие се од 5 до 8 часа гладување, па затоа духовниот отец, односно епископот, го одредува правилото, а најпрактично би било да се извлече некоја средина. Додека пак од аскетскиот никој не може и не треба да нѐ лиши.

Самото причестување навечер има поубава суштина – нашиот животен стремеж и копнеж го полагаме кон богосоединувањето, кој е и нашиот позив за кој и сме создадени. Се стремиме на крајот од денот, како на крајот од животот, да се соединиме со Бога. Цел ден сме постеле и воздржувале за на крајот на денот подготвени да се причестиме со Телото и Крвта Христови.

Во денешно време, често е застапена праксата оваа Литургија да се служи во утринските часови откако ќе се прочитаат сите можни богослужби до самата вечерна кога и би требало да почне Литургијата.

Според мене, оваа пракса е воведена заради слабоста и урбаноста на денешното време и општество, а со цел да можат верниците повторно да се причестуваат, кои пак за жал не го користат ова нивно право. Како и да е, важно е да се стремиме кон богосоединување, но убаво е кога го почнуваме денот и со причест, со Христос.

Литургијата почнува како секоја Вечерна богослужба со возгласот Благословено е царството... што покажува, како што претходно нагласивме, дека ја продолжуваме таа Литургија од неделата.

Во почеток се е исто како на секоја празнична Вечерна богослужба, се чита 103 псалм, кој е псалм во спомен на изгонувањето на Адам од рајот, затоа свештеникот ги чита молитвите надвор од олтар пред Царските двери. Се кажува една катизма од псалмите кога свештеникот ги подготвува даровите на трпезата каде го носи и дискосот, се става Агнецот, се кади, се носи на проскомидијата, се полива вино и вода во причеста, се кади и сѐ е без молитви за осветување. Потоа ја пееме Господи повикав и почнува пеењето на стихирите на денот и светителот и вход со кадилница, а кога е предвидено да се чита Евангелие, тогаш се прави вход со Евангелието.

Потоа се читаат паримиите – дел од Стариот Завет од Првата книга Битие, мудростите Соломонови или од книгата за Јов. Тогаш свештеникот зема свеќник и го става врз Евангелието со што се покажува дека она што пророците од Стариот Завет го навестувале, во Новиот Завет се исполнило. Затоа свештеникот потоа вели Простум, да застанеме, како некогаш архангел Михаил кога застанал пред ѓаволот и неговата војска и рекол Премуд-

рост, Да внимаваме, но со подготвеност дека тоа што ќе се прочита треба да го просветли нашиот живот и да го исполниме. Светлината Христова ги просветлува сите – и се клекнува. И почнува со Да се исправи молитвата моја...

Нешто ново што се среќава на оваа Богослужба се пеењето на стиховите Да се исправи молитвата моја со читање на одредени стихови од псалмите. Свештеникот чита стихови, па потоа народот пее Да се исправи. Ова се прави од две певници и додека едните пеат другите прават метанија, и обратно. Тоа е убавина. И ако не може подруго, тогаш главата благо се наведнува од почит. Сите клекнуваат на крајот, па сите стануваат. Потоа се кажува молитвата на огласените, а останата од времето кога околу Велигден масовно се крштевале за да можат на Велигден и новокрстените да се причестат. Молитвите пак, за подготовка за причест и благодарствените после причест на оваа богослужба не се исти како од Златоустовата.

Кога треба да се објави Светињата е за светиите, сега нагласуваме претходноосветените светињи се за светиите и не го подигаме повторно Агнецот туку затскриен со покривките од дискосот го допираме со прстот, посочувајќи за која светиња се работи, а верниот народ благо ги приклонуваат своите глави, покажувајќи знак на благоговение (побожност). Во недела, кога се благословуваат не велиме благослови ги овие лебови, туку овој леб, кој всушност е само еден, зашто само еден е Христос Кој се раздробува и не се разделува, секогаш јаден и никогаш недојаден, а тоа е Лебот кој им го дал лично Господ Исус Христос на апостолите на Тајната вечера и Он е Тој Кој Го дава на нас или поточно Самиот Себе се раздава. Тоа се случува таинствено и ние необјасниво, но реално, учествуваме на истата Литургија со Исус Христос и апостолите.

За време на херувимската песна, даровите се принесуваат на Господ, и тоа не е симболично, туку таинствено и реално. Тогаш сите дарови, сета вселена, сета твар се принесува на Господ. Архиерејот кој е икона Божја ги прима и ги принесува овие дарови на Бога и ги полага на престолот Божји, а заедно со нив и сите нас и сета креација Божја. Тие дарови веќе се принесени и осветени на претходната Литургија, и сега јас го држам Господ цел во моите раце и заради мојата недостојност воздухот (покривката) е над мојата глава. Затоа ја нема херувимската песна туку песната: Сега сите небесни сили со нас невидливо служат; затоа што, ете, влегува Царот на славата, ете тајната жртва е извршена и свечено се принесува.

И на крајот откако ќе ги испееме сите песни и ги прочитаме молитвите и Оче наш, кои во оваа Литургија се како молитви пред причест, на крајот од денот ние го примаме Христа и се причестуваме и затоа ја пееме песната: Лебот небесен и чашата животна примите ги, вкусете и ќе видите колку е благ Господ; алилуја, алилуја, алилуја.

А по причестувањето се молиме: Ти благодариме Спасителу и Боже на сите, што си ни ги дал Твоите блага, и си не причестил со светото Тело и Крв на Твојот Христос, и Ти се молиме, човекољубив Владико: запази не под покровот на Твоите крилја, и дај ни до последното наше издихание, достојно да се причестуваме со Твоите светињи, за осветување на душите и телата, и за наследство на небесното царство.Зашто Ти си осветување наше, и Тебе слава Ти вознесуваме, на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во сите векови.

Многу е убава и задамвоната молитва што свештеникот откако ќе го повика причестениот и, со Светите Тајни, обожен, верен народ, со мир и просветлен со светлината Божја, повторно да излезе во светот и да ја сведочи таа дарувана светлина од Бога, да го слави и прославува Него.

Свештеникот се моли: Владико седржителе, Кој сите творби премудро си ги створил и со Твојата неискажлива промисла и голема добрина си не вовел во овие пречесни дни, за очистување на душите и телата, за воздржување на страстите, за надеж за воскресение; Кој по 40 дни му ги даде богонацртаните таблици на Твојот угодник Мојсеј, подари ни и нам, со добар подвиг да се подвизуваме, текот на постот да го завршиме, верата неразделена да ја зачуваме, уништувајќи ја главата на невидливата змија, да се покажеме победици над гревот и неосудно да можеме да му се поклониме на Твоето Свето Воскресение. И потоа тивко во олтарот вели: Господи Боже наш, воведувајќи не во овие пречесни денови и присоединувајќи не со Твоите страшни тајни, собери не нас, Твоето словесно стадо и покажи не наследници на Твоето Царство, постојано сега секогаш и во сите векови. Амин.

Литургијата на претходно осветените дарови е утврдена и се служи само за верните да се причестат со неа, а денес, за жал никој не се причестува. Малкумина се тие што ја служат оваа Литургија, уште помалку се тие што доаѓат на неа, а пак скоро и да ги нема оние што се причестуваат. Каде е нашата вера, нашата ревност, нашата љубов...? За да се причестиме треба да имаме претходна подготовка, но ние денес неа ја немаме, а тоа значи дека ние не го сакаме Бога. Ние не правиме ништо за Бога, сме станале бесчувствителни за Бога, но и за нашето спасение. За брзо време ни претстои време на пости. Да се покаеме, да учествуваме на Литургиите на претходноосветените дарови и да принесеме искрени покајни солзи пред престолот на Бога за да ги измиеме нашите срца од страстите и да можеме достојно да се причестиме и да учествуваме во славното и спасително Христово Воскресение. Амин.



# ЦРКВАТА И НЕЈЗИНИОТ ИДЕНТИТЕТ

(1 дел)

*Епископ Браничевски*
*д-р Игнатиј*



Влијанието на римокатоличката и на протестантската теологија врз православното богословие, особено во последните два века, се заканува да го промени и толкувањето на вистината за христијанската вера и поимањето на самото христијанство. Моралистичкиот пристап кон спасението на човекот, кој неизбежно условува и појава на индивидуализам во начинот на животот, како и јуридичко богословие, што е типично за западното христијанство, не сака да го обезвреди само светоотечкиот пристап за спасението на човекот и на светот, туку и самиот начин на живот на луѓето, а посебно постоењето на христијанството како Црква.

Нагласената индивидуалност како христијански начин на живот, која е производ на моралистичкиот и на јуридичкиот однос на човекот кон Бога и кон светот, како и присуството на секуларизмот, пред сè во рамките на протестантското сфаќање на христијанството, исто така се поистоветуваат со идеологот. Поради тоа протестантизмот толку ја обезличил Црквата, што неговата еклисиологија попрво ќе се заснова на разни општествени идеологии отколку да ја види Црквата како заедница од посебен тип. Затоа и одделни протестантски заедници се уредени врз основа на современите општествени модели, како што се капитализмот, комунизмот итн. Ваквото сфаќање на Црквата се поистоветува со општеството и на тој начин ја прави реално непостоечка, а христијанството го гледа како идеологија.

Од друга страна, католичката еклисиологија речиси се поистоветила со социологијата. И тоа затоа што на запад изразот Црква веќе одамна се поистоветил со еден вид државно уредување. Меѓутоа, покрај присутниот индивидуализам во животот на луѓето кој сè помалку има потреба од каков било вид заедница за изразување на човекот, битно се промениле и основните елементи на старата средновековна католичка општествена заедница. Еклисиологијата што извирала од постоењето на Црквата како една организирана заедница што имала свои закони и своја етика што давала валидност на тие закони, како и своја идеологија и управа, денес сè повеќе исчезнува под притисокот на новите идеологии кои радикално ги менуваат сите стари етички системи, а со самото тоа и законите. Поради тоа и нејзината еклисиологија е сè понеодредена, или поточно се засновува на изнаоѓање методи за организирање на Црквата во некоја мера (колку-толку) врз старите принципи.

Под влијание на овие сфаќања на Црквата и на нејзиниот идентитет, се случува православните богослови за Црквата да зборуваат на ист начин, често само комбинирајќи ги овие два пристапа.

Од друга страна, во православните цркви што се наоѓаат во поранешните комунистички земји има сè повеќе пренос од одделни луѓе што не ја познаваат доволно теологијата на западниот модел во црковната практика, и тоа токму оние што ги интересира социјалната дејност на Црквата, при што

на тој начин за нив идентитетот на Црквата сè повеќе се врзува за таа социјална дејност. Црквата почнува да се третира како една хуманистичка организација од национална определеност. Од друга страна, длабоко вкоренета свест кај православните народи дека Црквата сепак не е една обична историска организација, како и нивната приврзаност за богослужење, сè повеќе создава пречка околу одредувањето на идентитетот на Црквата. Ако на ова го додадеме уште и фактот дека во православието постои и многу жив монашки начин на живот што сам по себе исто така наметнува свое гледиште на суштината на Црквата, проблемот на ексиколоргијата станува сè посложен, но и сè посовремен. Оттаму, денес во православната богословска литература постојат многу различни, меѓусебно дури и контрадикторни гледишта за тоа што е тоа Црква.

Меѓутоа, потребата да се расправа за овој проблем денес е повеќе од очигледна. Особено што правилното одредување на Црквата претставува услов не само за правилна теологија, туку и за црковна организација без кои е загрозено и самото нејзино битие. Затоа оваа статија пред сè има за цел накратко да укаже на тоа што се подразбира под името Црква во свеста пред сè кај православните христијани. Врз основа на тоа во продолжение ќе го одредиме и нејзиниот идентитет.

## *Литургијата како појава на Црквата*

Воопшто не е случајно што кај сите христијани, а пред сè кај православните народи до ден-денес се употребува едно име за храм и за Црква- црква. Бидејќи храмот е место на кое се собира Црквата, т.е. сите христијани од едно место заради служење, пред сè на Света Литургија. Овој на прв поглед безначаен факт може да биде од големо значење како одговор на нашиот проблем. Зашто ако го имаме предвид, меѓу другото, и тоа дека во свеста на православните христијани до ден-денес се задржало мислењето дека во Црквата се оди кога се оди во храм на Литургија, на Служба, јасно се гледа дека постоењето на Црквата се пројавува пред сè на Служба, на Светата Литургија. Оттука и храмовите од најстарите времиња на христијанството добиле име црква.

Од друга страна, самата структура на црквата, како кај православните, така и кај католиците порано, секогаш имала литургиска форма. Нејзината архитекстонска положба, свртена од запад кон исток, како и самата нејзина поделба на олтар, лаѓа и на предворје на Црквата, повеќе од убедливо укажува не само на Литургијата поради која е градена, туку и на структурата на самата Света Литургија врз основа на која е и конструиран храмот: свештенство-народ-огласени кои се свртени кон истокот во молитва кон Бога. Ако кон ова го додадеме уште и фактот дека старата практика за одење во Црква на Литургија подразбирала дека таму се носат дарови земени од светот што нè опкружува, а што за среќа е сè уште присутно по нашите села, јасно е дека христијанскиот народ се пројавувал себеси како Црква во литургискиот настан на принесување дарови на Бога.

Меѓутоа, во Црквата не се служела само Литургија. Во неа се извршувале и други работи што се однесувале на животот на христијанинот како на пример: крштение, ракополагање, елеосвештение, венчавање, погреб и др. Како тогаш не добила Црквата свој идентитет во односот на некоја друга свештена работа поврзана за црквата? Ова пред сè зборува во прилог на она што свети Никола Кавасила го вели за Црквата дека таа се распознава во тајните. Меѓутоа, ќе ни биде појасно да сфатиме зошто Црквата го добива своето обележје преку Литургијата, а не и преку другите свештени работи ако го земеме предвид фактот дека целокупниот христијански живот влегувал во Црквата и дека Црквата е живот, но и дека животот како таков бил неодделив од Светата Литургија. Сè што се однесувало на животот на христијанинот, со исклучок на гревот, се вршело заедно со Литургијата и затоа учеството на верниците во сите тие настани до денес е проследено со носење и принесување дарови што биле дело од нивните раце, а чија практика е типично литургиска.

Со еден збор, Црквата како народ Божји од почетокот се пројавувала себеси собрана на една место и околу еден настан, а тоа е Литургијата (сп. Дела ап. 2,1 и 41-47).

Ова ни дава за право да заклучиме дека идентитетот на Црквата, според православното сфаќање треба да го бараме во Светата Литургија. Меѓутоа, каква е или што е Црквата, кога зборуваме за неа преку нејзината литургиска пројава?

## *Есхатолошкиот идентитет на Црквата*

Црквата во Литургијата пред сè е есхатолошка заедница. Тоа значи дека Црквата овде во историјата се пројавува онаква каква што ќе биде и дека врз таа основа нејзиниот идентитет не е во она што е таа сега, туку во она што ќе биде во идниот век. Меѓутоа, како треба ова да го сфатиме?

Есхатологијата говори за последните настани и работи врзани за светот и за неговото спасение. Оваа тема е доста сложена сама по себе и нејзината обработка бара една посебна студија. Меѓутоа, бидејќи есхатологијата е важен факт за објаснувањето на идентитетот на Црквата, овде за неа ќе спомнеме само во најкратки црти.

Основните елементи што ја одредуваат есхатологијата, покрај тоа што есхатологијата значи последен настан, се заедница на сиот Божји народ на



едно место, како и тоа дека тоа е заедница околу Месијата. Зашто кога ќе дојде Месијата, според верувањето на еврејскиот народ, тој ќе го собере својот Израел на едно место и ќе го основа Царството Божјо. На овој настан се надевале пред сè Евреите како избран народ, а неговото место на остварување би требало да биде Ерусалим со ветената земја. Бидејќи ова Божјо ветување било пројавено преку изборот на Аврам, во негово лице било благословувањето на сиот израелски народ.

Значи, еврејската есхатологија подразбирала собир на сиот народ Божји околу Месијата во последните денови заради основање на Царството Божјо.

Меѓутоа, дали имало ова ветување во еврејската историја и некаква друга форма освен вербалната? Она што е карактеристично за еврејската историја на односот на народот со Бога е тоа дека тој однос бил во историјата преку исполнувањето на законите што им ги дал Бог. Меѓутоа, тие закони отсекогаш се однесувале на еврејската заедница и се исполнувале во заедницата. На тој начин односот на Евреите со Бога во историјата бил онаков каков што Бог им го ветил на Евреите дека ќе биде на крајот на историјата. Затоа преданието на тоа Божјо ветување како и сеќавањето на него Евреите го чувале пред сè во начинот на своето општење со Бога, а тоа било преку заедницата собрана на едно место. Во скинијата и околу неа како и во еруслимскиот храм и во синагогата преку свештеникот, односно првосвештеникот. Со еден збор, Евреите имале заедница со Бога низ историјата во една форма на собир и таа била праслика на заедницата што ќе ја имаат на крајот на историјата. Затоа историјата на еврејскиот народ била сенка на идното вистинско Царство Божјо.

Бидејќи христијанството како Нов сојуз на народот со Бога во лицето на Господ Исус Христос, Синот Божји Кој се овоплотил, било природно продолжение на Стариот завет (уште посилна потврда на ова прво Божјо ветување дадено на Аврам и на Неговите потомци за Царството Божјо) и основната структура на христијанската вера во идното Царство Божјо во новозаветната Црква останала иста; собран народ Божји околу Месијата Исус Христос (кој е потомок Аврамов), на едно место. Промена настанала во тоа што во новозаветната Црква, за разлика од старозаветната, се појавил самиот Месија.

Меѓутоа, бидејќи врз основа на сведочењето на Новиот завет Црквата исчекувала остварување на тоа идно Царство Божјо собрана на Литургија (види: Дела ап. 1, 3-7), која всушност имала еврејска есхатолошка форма, тоа значи дека врз основа на Светата Литургија – Црквата се пројавува како идно Царство Божјо. Со еден збор, токму благодарение на Светата Литургија преку која се исполува Црквата – нејзиниот идентитет е во она што ќе биде Црквата во иднината, а не што е сега таа во историјата. Затоа што Црквата во Литургијата е икона на Царството Божјо на земјата. И кој и да влезе во Црквата, влегува во идното Царство Божјо токму влегувајќи во Литургија (за ова најјасно сведочи крштението), зашто истовремено и самата Литургија е икона на Царството Божјо. Во прилог на ова оди и фактот дека православната Литургија низ вековите е сè повеќе украсувана токму за да се покаже што поверодостојна икона на тоа идно Царство Божјо.

Значи, она што е од голема важност за укажување на идентитетот на Црквата, а што е врзано за нејзината пројава во Светата Литургија е Црквата како идно Царство Божјо.

Зашто ако е Царство Божјо собраниот народ Божји во Личноста на Месијата, токму тоа го покажува Црквата преку Литургијата и со Литургијата. Затоа е наречена Горен Ерусалим, градот Божји, ветената земја. Сите, значи, овие називи укажуваат на идното Царство Божјо што Бог им го ветил на Евреите уште во Стариот завет, а кое го наследила новозаветната Црква, покажувајќи се како таква токму во литургискиот собир.

Од друга страна, бидејќи Литургијата ја отелотворувала иконата на Царството Божјо како есхатолошки, последен настан во историјата, сите што учествувале во Литургијата, почнувајќи од Христос, Кој овде се јавува како Судија и Спасител на светот и Прворoден од сите браќа, се покажувале во своите есхатолошки служби (сп. свети Максим, Мистагогија). Со други зборови, во Литургијата верниците и светот покажуваат какви ќе бидат во Царството небесно, а не какви се сега.

Меѓутоа, некој ќе се запраша: зошто е важно сето ова да се напоменува во контекстот на одредувањето на идентитетот на Црквата?

Важно е поради тоа што ако Црквата себеси се пројавува преку Светата Литургија, тогаш таа е есхатолошка заедница, идно Царство Божјо овде на земјата. За разлика, значи, од католичката еклисиологија (а која е сè поприсутна во православието), која Црквата ја гледа како израсната од минатите и сегашните настани и затоа кај католиците Литургијата е сеќавање и изобразување на Христовите страдања и на Тајната вечера како историски настан, православната еклисиологија го гледа коренот на Црквата во иднината. На тој начин Светата Литургија во православната традиција не само што е обогатувана со раскош, покажувајќи дека го пројавува идното Царство Божјо, туку и сиот живот на христијаните ја имал таа димензија – димензијата на идното Царство. Почнувајќи од устројството на православната црква до односот на нејзините членови едни кон други и кон светот кој влегува во Литургијата.

Продолжува.

Превел: П. Богословски

# VENERABLE JOANIKIJ OF RAKOTINCI THE BIOGRAPHY

*Father Gabriel (Galev)*

*You cannot hide light that is at the top of a mountain, and you do not put it under a bushel, but on a candlestick, and it gives light to all that are in the house (Mat. 5: 15).*

The life of our venerable father Joanikij is as much hidden as it is revealed. The information about his life is insufficient. It is known that he was born in 1839 in Ohrid, and according to some people he was from Aegean Macedonia. He died on 24th January 1941 and his relics are placed in the monastery of Saint Nikola in the village Rakotnica near Skopje, which is situated on the hillside of Vodno, 10 kilometres away from Skopje. On his baptizing he got the name John (Jovan Georgiev).
His wish to devote himself fully to God's service, lead the young John (when he was 30 years old) to the monastery of Saint Pantelejmon in the village Nerezi in Skopje. This decision of his was probably a result of his memories of the monks in the monastery of Saint Pantelejmon, who usually visited Ohrid, as well as the high spiritual level of our people in the past. In this monastery, where there used to be a big monastic brotherhood, he spent two years as a novice, after which he was made into a monk and received the name Joanikij. In the monastery he stayed as a monk for another two years. His service in the monastery of the Holy unmercenary healer Saint Pantelejmon left a part of his graceful life for ever. In his later life serving the people of God as well as the heterodox people, he equally took care of their spiritual as well as physical health healing them with herbs and prayers. He even wrote a book called "Lekarusha" (Medical Book), which is today kept in the Church archive of the Faculty of Theology in Skopje. There were also numerous healings that happened after his prayers where the natural medicines could not help, while he guided himself by Christ's order: You received free, you give free (Mat. 10; 8).
Father Joanikij spent the next three years in the monastery of Saint Dimitrij (Dimitrius – Marko's Monastery). In 1875 father Joanikij, probably already a hieromonk, together with the local villagers from the village Rakotnica started rebuilding the monastery of Saint Nikola, which had several times been ruined during the time of the Turks. The news of the restoration of the monastery embittered the Turkish authorities; and Joanikij, in order to avoid the anger of the Turks, and not to provoke troubles and evils in the village, left the monastery to go to the Holy Mount for a short period. For the same reason he came back to do the restoration several times, occasionally leaving for the Holy Mount until the passions come down. However, with the persistence and the zeal of a man with a strong faith and a clear vision, he succeeded in finishing the restoration of the monastery. Next to the Church of Saint Ilija (Elijah), they later built the monastic houses. In this monastery, father Joanikij was made into an archimandrite, where he lived for another 63 years until he venerably reposed in God in 1941, in his 102 years of age. Father Joanikij was short and plump in his face; he was a meek man with a sweet soul and soothing words. The rest of the knowledge about him is the witness that in the last 63 years, "the archimandrite Joanikij was very modest and did not ask for any help for himself, except if there was the need to help the monastery". As usual, people know very little about his monastic exploits and as far as his spiritual growth is concerned there is the fact that he was the priest who confessed the Metropolitan of Skopje at that time Varnava (Barnabas), later a Serbian Patriarch. The Metropolitan of Skopje once told him: I am an Episcope in rank, but you are an Episcope in deeds.
The villagers remember him for his good deeds. He was the most educated man in the area, and people used to visit him for advice even from the most remote villages, he was the most favourite among the Christians, but even the Turkish Asker respected him. The Christians used to call him Elder Hadji (Pilgrim) because he had gone to Jerusalem on pilgrimage, to pay respect to the Tomb of our God and Saviour Jesus Christ.
As a true Shepherd and spiritual healer, he took care of the souls and the bodies of his spiritual flock. Apart from the fact that he confessed them and spiritually taught them and lead them on the spiritual road of salvation, he also founded a school in the monastery in 1896, where he intellectually educated them, and was a teacher to them himself, at first teaching only boys, but later girls as well. The archimandrite did not give the children only secular knowledge, but he also used to place a healthy foundation in the children's hearts for the Word of God, most of all with his personal example and the never-ending prayer for them all.
He often advised them using his knowledge of the Holy Scripture as well as his gift of perspicaciousness revealing them the weather conditions for work and he often advised them and revealed saying: "People listen to me, what kind of period is coming, what does the Gospel say? Firstly the elms will wither, then the waters will disappear, there will be wars, respect the Church feast days, and don't tell on your neighbours..."
Inflamed by their love towards God, some of them later took monastic vows. One of them Spaso, with monastic name Sofronij (Sophrony), who was from Rakotnica, served in the monastery together with the Archimandrite. Together with father Sofronij, they regularly served the whole liturgical cycle apart from the many worries and occupations around the field work on the monastery property of which he took care himself. Another one, Makarij, later became an abbot of Marko's Monastery. The nun Antonija is also known. The villagers still remember that he was the one who built the first mill in the village, "which worked by the power of one horse". He lived in the monastery until he gracefully reposed in God on 24 January 1941, which, as with many other holy men, was revealed to him by God, as well as for the subsequent events with his relics. Before he reposed in God, on the place where he abided, he started to dig his grave alone, and when the villagers begged him to help him with the digging he used to reply with the words: "It is for me personally, I will make it myself".
However, according to the words in the Holy Gospel, that a light at a top of a mountain cannot be hidden, so it happened with the personality of the venerably reposed Elder Joanikij, who, with his devoted life, living hidden in his secret room i.e. in his heart, went through all three levels of spiritual life. The first one is the level of the zealous struggle against the heart and its purifying from passions, as well as its liberating. The second one is the level of enlightening the mind, where in the already purified heart, through prayer, the mind of the zealot descends into it and bathes and enlightens itself there with the enlightening grace of the Holy Spirit. And the third level is the deification of the whole personality where not only the soul but the body itself is enlightened and deified and cannot see decay. It happened so with Saint Joanikij of Rakotnica, whom, after his venerable repose in God, the earth could not hide and his whole body was ejected out of the earth for the glory of God. About 30 years after his repose, his holy and non-decaying relics in a miraculous way were ejected on the surface. The parochial priest devotedly and with all honours washed and anointed his holy relics, and because of the ignorance of the villagers and the fear of the communist authorities brought the relics to another grave which was near one of the village churches, from where, later again, because of the improper behaviour towards him, his non-decaying body was brought back to the old grave, and was now covered with three stone slabs. On the third one there was an opening from which the preserved face of the venerable elder could be seen.
But in this third grave as well as in the other ones, the body of the holy elder was left to carelessness and improper care so that exposed to the weather conditions started to decompose. For that reason, at present time, father Fotij, the abbot of the Monastery of the Holy Mother of God in Berovo, together with several faithful people, dug it out, anointed it again with chrism and laid it back into a new and protected grave. Even today you can feel the divine scent coming from his holy relics, which proves the sacred life of the elder.
Nowadays, while our people are waking up from the spiritual sleepiness of atheism, the consciousness and the respect for our holy man also wakes up, this saint who is the proof of the continuing and never-ending grace of the Holy Spirit in our church. More and more faithful people become interested in the life of elder Joanikij and their pilgrimage to his grave. And in the Monastery of Saint Nikola in Ljubanci, his first icon was painted.
The Macedonian Orthodox Church is officially declaring for the Saints as Venerable Joanikij of Rakotnica

*After his holy prayers, Lord Jesus Christ, have mercy on us!*





# ЖИТИЕ НА ПРЕПОДОБЕН ЈОАНИКИЈ РАКОТИНСКИ

*Архимандрит Гаврил (Галев)*

*Неможе да се сокрие светило што се наоѓа на врв планина и Не се става светило под поклон туку на свекник за да ѓи осветлува сите в куки.*
*(Матеј 5,15)*

Животот на преподобниот отец наш Јоаникиј е во толку скриен, а истовремено и во толку објавен. Оскудни се податоците за неговиот живот. Се знае дека бил роден во 1839 година во Охрид. Според некои е од Егејска Македонија, а починал на 24 јануари 1941 година и неговите мошти почиваат во манастирот на свети Илија во Скопското село Ракотинци кое се наоѓа на падините на Водно, на десетина километри југоисточно од Скопје. На крштавањето го добил името Јован (Георгиев).
Неговата желба целосно да се предаде во служба на Бога ќе го донесе младиот Јован со неговите триесетина години во манастирот на Свети Пантелејмон во скопското село Нерези. Оваа негова одлука веројатно е плод на неговите средби со монасите од обителта на Свети Пантелејмон, кои често оделе во Охрид и високиот духовен степен на нашиот народ во минатото. Во овој манастир, каде во тоа време имало големо монашко братство, тој поминува две години како искушеник, по што е замонашен и на монашењето го добива името Јоаникиј. Во манастирот на Свети Пантелејмон монахува уште две години. Со неговото служење во манастирот на светиот исцелител и бесребреник свети Пантелејмон засекогаш ќе остави еден дел од неговиот благодатен живот. Имено, во својот понатамошен живот тој ќе го продолжи своето служење на народот Божји, па и на иноверните, за кои подеднакво се грижел и за нивното духовно и телесно здравје лекувајќи ги со лековити тревки и молитви. Своерачно има напишано и една книга „Лекаруша" која денес се чува во црковната архива на Православниот богословски факултет во Скопје. Бројни се и исцеленијата по неговите молитви во случаите каде природните лекови не помагаат, постојано раководејќи се од Христовата заповед: Бесплатно добивте, бесплатно давајте (Матеј 10,8).
Наредните три години отецот Јоаникиј ги поминува во манастирот Свети Димитриј (Марков манастир). Во 1875 година отец Јоаникиј, веројатно веќе како јеромонах, заедно со селаните од блиското село Ракотинци се зафаќа со обновување на Ракотинскиот манастир Свети Илија, кој во турско време бил повеќепати разурнуван. Веста за обновувањето на манастирот ги огорчува турските власти и Јоаникиј, за да ја одбегне лутината на Турците и да не предизвика неволји и зла во селото, заминува накусо на Света Гора. Од истата причина тој четирипати се враќа на делото на обновување на манастирот, повремено заминувајќи на Света Гора, сè додека да се смират страстите. Сепак, со упорност и ревност на човек со цврста вера и јасна визија, тој успева да го заврши обновувањето. Покрај црквата, посветена на светиот пророк Илија, нешто подоцна се изградени и конаци. Во овој манастир Јоаникиј е произведен во чин архимандрит и овде живее наредните 63 години, сè до неговото блажено упокојување во Господа во 1941 година, на негови 102 година. Отец Јоаникој бил низок и по лице полничок и мил човек со блага душа и смирувачки збор. Останато е сведоштво дека во текот на целиве овие 63 години, „архимандритот Јоаникиј бил многу скромен и не барал никаква помош за себе, освен ако затребало нешто за манастирот". Како што е вообичаено, за неговите монашки подвизи не се знае многу, а на неговиот духовен раст укажува фактот дека му бил исповедник на тогашниот Скопски митрополит Варнава, подоцнежен Патријарх Српски, а Митрополитот Скопски Јосиф пак, ќе знае да му каже: Јас сум епископ по чин, а ти по дела.
Селаните го паметат по неговите добри дела. Бил најобразованиот човек во околијата и кај него за совет доѓале и од најоддалечените села, бил најомилен меѓу христијанското население па дури и турските аскери го почитувале. Селаните го нарекувале и дедо Аџија затоа што има одено на аџилак, на поклонение во Ерусалим на Гробот на нашиот Бог и Спасител Исус Христос.
Како вистински пастир и духовен лекар тој се грижил за душите и телата на своето духовно стадо. Покрај тоа што ги исповедал и духовно ги поучувал и водел на духовниот пат кон спасението, тој во 1896 година основал и училиште во манастирот каде што и интелектуално ги образувал, односно бил нивен учител. Во ова училиште отпрвин учеле само машки деца, а подоцна и девојчиња. Архимандритот не ги учел децата само на светската наука, туку поставувал здрав темел во срцата на децата со Божјото слово, пред сè со добриот личен пример и непрестајната молитва за сите.
Често ги советувал и користејќи го познавањето на Светото Писмо и со дарот на прозорливост им откривал и за временските услови за работа и често ги советувал и им откривал велејќи им: Луѓе слушајте ваму, каков век иде, што пишува во Евангелието? Најпрво ќе исушат бресјата, ќе загинат водите, ќе има војни, поштујте празниците, немојте да го кодошите комшилукот...
Распламтени со љубов кон Бога, некои од нив подоцна и се замонашиле. Еден од нив, Спасо, во монаштвото Софрониј, бил од Ракотинци и служел во манастирот заедно со архимандритот. Со о.Софрониј тој редовно го служел целиот Литургиски богослужбен циклус и покрај многуте грижи и обврски околу полските работи на манастирскиот имот за кои повторно се грижел тој самиот. Друг монах, Макариј, подоцна станал старешина на Марковиот манастир, а позната е и монахињата Антонија.
Селаните сè уште се сеќаваат дека тој ја изградил првата воденица во селото, „која работела со силата на еден коњ".
Во манастирот живее сè до неговото блажено упокојување во Господа на 24 јануари 1941 година, за кое како и кај многумина Божји угодници му било откриено од Господа, а и за идните настани со неговото тело. Пред да се упокои, на местото каде што пребивал, започнал сам да си ја прави гробницата, а кога селаните го молеле да му помогнат во копањето тој возвраќал со зборовите: Таа е лично за мене, сам ќе си ја направам.
Меѓутоа според зборовите од Евангелието дека не може да се сокрие светило на врв на планина така и личноста на блаженоупокоениот старец Јоаникиј, кој во својот подвижнички живот живеејќи скришно во својата тајна соба, т.е. во срцето ги поминал сите три степени од духовниот живот. Степенот на подвижничката борба над срцето и неговото очистување од страстите, а воедно и ослободување, потоа степенот на просветление на умот каде во веќе очистеното срце молитвено слегнува умот на подвижникот и таму се бања и просветлува со просветлувачката благодат на Светиот Дух и третиот степен на обожувањето на целата личност каде не само душата, туку и телото е просветлено и обожено и не може да види распаѓање. Така и свети Јоаникиј Ракотински после неговото блажено упокојување во Господа, не можеше да го сокрие земјата и неговото свето тело целосно беше исфрлено надвор за слава на Бога.
После триесетина години од неговото упокојување неговите свети и нетлени (нераспадливи) мошти на чудесен начин биле исфрлени на површината. Тогаш парохискиот свештеник побожно и со сите почести му ги измил и помазал неговите свети мошти и заради незнаење на мештаните и страв од безбожничката комунистичка власт ги префрлил во друга гробница која се наоѓала во една од селските цркви, од која подоцна повторно заради несоодветен однос кон него Неговото нераспадливо тело било вратено во старата гробница, сега покриено со три камени плочи од кои на третата имало отвор преку кој можело да се види сочуваниот лик на преподобниот старец.
Но, и во ова трета по ред гробница, телото на светиот старец било оставено на невнимание и несоодветна грижа така што изложено на надворешните временски промени почнало да се распаѓа, заради тоа во денешно време о. Фотиј, игумен на Беровскиот манастир на Пресвета Богородица, со неколкумина верници го откопаа, повторно го помазаа со миро и го положија во нов и заштитен гроб. Од неговото свето тело и денес може да се почуствува благоухание (пријатна миризба) која сведочи за светиот живот на старецот.
Во последно време кога нашиот народ полека се буди од духовната заспаност и од атеизамот, се буди и свеста и почитта кон овој наш свет човек свидетел за континуираната неизмерна благодат на Светиот Дух во нашата Црква. Сè повеќе се јавува заинтересираноста на верниците за животот на старец Јоаникиј и за нивно поклонение на неговиот гроб, а во манастирот на свети Никола во Љубанци е живописана и негова прва икона.
На 24.9.2017 во Соборниот храм во Скопје, МПЦ – ОА официјално го прогласи преподобниот Јоаникиј Ракотински за светител.

*По неговите свети молитви, Господи Исусе Христе, помилуј нè!*

# СВЕТИ ТРИ СВЕТИТЕЛИ

*Ананија Ананиевски,*
Заменик претседател на МОЈА и член на ЕЦПС

Светителите Василиј Велики, Григориј Богослов и Јован Златоуст имаат секој свој посебен ден на празнување. Но овој заеднички празник е востановен во 11 век за време на владеењето на царот Алексиј Комнен. Еднаш однекаде настана расправа меѓу народот околу тоа кој од овие тројца светители е најголем. Едни го воздигнуваа Св. Василиј заради неговата чистота и храброст, други Св. Григориј за недостижната длабочина и висина на умот во богословието; трети воздивнуваа по Свети Јован со неговата чудесна благоглаголливост и јасност во изложувањето на верата. И така едни се нарекуваа василијани, други григоријани, а трети јованити. По Божја Промисла овој спор беше решен во корист на Црквата и на уште поголема слава на овие тројца светители. Евхаитскиот епископ Јован (под 14 јуни) имаше едно видение во сон, имено: прво му се јави секој од овие светители во голема слава и неискажлива чудесност, а потоа сите тројца заедно. Тогаш му рекоа: „Ние сме едно во Бога, како што гледаш, и кај нас нема ништо противречно, ...ниту има меѓу нас некој кој е прв или втор“. Светителите го посоветуваа епископот да им напише една заедничка служба и да им се одреди еден заеднички ден за празнување. Со ова прекрасно видение спорот се реши на тој начин што 30 јануари се одреди како заеднички празник за тројцата Свети Архиереи.

## *Свети Василиј Велики*

Роден е во времето на царот Константин. Уште како некрстен петнаесет години во Атина ги изучуваше философијата, реториката, астрономијата и сите други светски науки на она време. Школски другари му беа Св. Григориј Богослов и Јулијан, подоцна цар Отстапник. Во зрелите години се крсти на реката Јордан заедно со својот поранешен учител Евул. Беше епископ на Кесарија Кападокиска речиси десет години, а својот земен живот го заврши кога наполни педесет години од раѓањето. Голем поборник на Православието, голем зрак на морална чистота и набожна ревност, голем богословски ум, голем устроител и столб на Божјата Црква - Василиј се нарекува Велики со полна заслужност. Во црковните богослужби најчесто е нарекуван пчела на Црквата Христова, која им дава мед на верните и осило на еретиците. Сочувани се многубројни дела на овој отец на Црквата: апологетски, богословски, подвижнички и канонски; и литургија наречена според неговото име Василиевата литургија се служи десет пати во годината, и тоа: на 1 јануари, наспроти Божик, на Велики Четврток и на Велика Сабота. Свети Василиј се упокои мирно на 1 јануари 379 година, кога се пресели во Царството на својот Господ Преданието за „Василопитата“ или лебот на свети Василиј Велики се однесува на времето кога Божјиот угодник свети Василиј Велики (330-379) стана Архиепископ Кесариски. Во тоа време епархот на Кападокија, кој беше многу алчен и груб човек, имаше обичај редовно да доаѓа со својата војска и да го ограбува градот. Кога на свети Василиј му јавија дека епархот повторно доаѓа, тој побара од богатите луѓе во Кеасрија да го донесат сиот свој накит и златници. Кога епархот пристигна, свети Василиј го пречека и му го понуди богатството. Епархот се изненади и по некое чудо се засрами, така што одби било што да земе, ниту пак го ограби градот. Тој никогаш повеќе не се ни врати, ниту пак им досадуваше на верните од градот. Свети Василиј остана со сиот накит и златници токму на Новогодишната вечер не знаејќи што на кого му припаѓа. Тогаш просветлен од Господ, тој ги замоли готвачите да направат мали лебови за секој верник. Во секој од лебовите тој стави нешто накит и златници. На денот на Новата Година кога сите луѓе дојдоа во црква, тој на секого му даде по едно лепче. Тоа што секој го имаше најдено во лепчето беше токму тоа што претходно го имаше дадено. За спомен на овој настан до ден денес се практикува на денот на свети Василиј Велики, односно на Новата Година (по стар календар) да се меси лепче со паричка во него. Лепчето се разделува така што првото парче е наменето за спомен на Господ наш Исус Христос, второто за Пресвета Богородица, третото за свети Василиј Велики. Понатаму лепчето се разделува на присутните. Оној кој ќе ја најде паричката го добива благословот на свети Василиј Велики за претстојната година.

## *Свети Григориј Богослов*

Роден во Назијанз од татко Елин и мајка христијанка. Пред да се крсти учеше во Атина заедно со Св. Василиј Велики и со Јулијан Отстапник. Често му пророкуваше на Јулијан дека ќе биде отстапник од верата и гонител на Црквата, како што и стана. Врз Григориј особено влијаеше неговата мајка Нона. Кога го заврши школувањето го прими Светото Крштение. Свети Василиј го ракоположи за епископ Сасимски, а царот Теодосиј Велики наскоро го повика на испразнетиот престол на Цариградскиот архиепископ. Состави многубројни дела од кои најславни му се теолошките, заради што е и наречен Богослов. Особено значајно е неговото дело „Беседа за Света Троица“. Пишуваше против еретикот Македониј, којшто учеше искривено за Светиот Дух (како Духот да е Божјо создание) и





против Аполинариј, којшто учеше искривено за Христос дека немал човечка душа, туку дека Неговото Божество му било наместо душа. Пишуваше и против царот Јулијан Отстапник, неговиот некогашен школски другар. Во 381 година, кога во Соборот настана расправија околу неговиот избор за архиепископ, тој се повлече самиот, откако рече: „Не можат да нè лишат од Бога оние што нè лишуваат од престолот“. Потоа го напушти Цариград, отиде во Назијанз и таму до смртта поживеа во повлеченост, во молитва и во пишување корисни книги. Иако беше со слабо здравје цел живот, сепак доживеа осумдесет години. Моштите подоцна му ги пренесоа во Рим, а главата му се наоѓа во Успенскиот Собор во Москва. Беше и остана прекрасно светило на Православната Црква, како по кротоста и чистотата на карактерот така и по ненадминливо длабокиот ум. Се упокои во Господ во 390 година.

## *Свети Јован Златоуст*

Патријарх Цариградски. Роден е во Антиохија во 354 година, од татко Секунд, војвода и мајка Антуса. Изучувајќи ја грчката философија Јован се згнаси од грчкото незнабоштво и ја усвои христијанската вера како единствена и целосна вистина. Крштение прими од Мелетиј, патријархот Антиохиски, а потоа примија Крштение и неговите родители. По смртта на родителите се замонаши и почна строго да се подвизува. Тогаш ја напиша книгата „За свештенството“ и тогаш му се јавија Светите апостоли Петар и Јован и му прорекоа голема служба, голема благодат, но и големо страдање. Кога требаше да биде посветен за свештеник се јави ангел Божји: истовремено и на патријархот Флавијан (после Мелетиј) и на самиот Јован. А кога патријархот го ракополагаше, сите видоа светол бел гулаб над Јовановата глава. Прославен заради мудроста, подвигот и словото со голема власт, беше избран по желба на царот Аркадиј за патријарх Цариградски. Шест години управуваше со Црквата како патријарх со неспоредлива мудрост и ревност. Испрати незнабожечки мисионери кај Келтите и кај Скитите, ја сотре симонијата во Црквата симнувајќи мозина епископи-симонисти; ја рашири милосрдната дејност на Црквата; напиша посебен чин на Светата Литургија; ги посрами еретиците; ја изобличи царицата Евдоксија; Светото Писмо го растолкува со својот златен ум и јазик, на Црквата ѝ остави многу драгоцени книги со неговите беседи. Народот го прослави, завидливците го замразија, царицата двапати го испрати во прогонство. Во прогонство помина три години и се упокои на Крстовден, 14 септември 407 година, во местото Коман во Ерменија. Пред смртта повторно му се јавија апостолите Јован и Петар, а и Светиот маченик Василиск (под 22 мај), во чијашто црква ја прими Светата Причест. „Слава Му на Бога за сè !“, беа неговите последни зборови и со тие зборови душата на златоустиот патријарх замина во Рајот. Од моштите на Св. Јован Златоуст главата почива во Успенскиот храм во Москва, а телото во Ватикан во Рим.

# ЗА СЛАВЕЊЕТО НА СВЕТИ ТРИФУН И СВЕТИ ВАЛЕНТИН

*Ѓакон Димитар Арсовски*

Денес човекот како да не живее свој сопствен живот базиран на вистини и лични сознанија, туку како да сме го исклучиле мозокот и живееме на општоприфатени „вистини" и туѓи сознанија. Речиси сите нешта се добро искомерцијализирани, а сето тоа не го одминало ни современиот Православен човек. Така е со ликот на ДедоМраз, за кој многу мал процент православни знаат дека всушност вистинскиот ДедоМраз е светиот Николај Мирликијски, но таков е и примерот со светиот свештеномаченик Валентин епископот Интерамниски.

Целата таа заблуда околу ликот на овој светител се појави пред некои десетина години како една појава која ни дојде од западниот свет. Тоа е една измислена романтична приказна за тинејџери кои почнуваат да ја искусуваат љубовта и тоа беше еден повод да се изрази љубовта кон саканиот. Зарем имаме потреба од одредени денови или празници за да изразиме љубов кон некој, да му кажеме колку го сакаме или да изненадиме некого подарок. Додуша овде не се работи за изненадување бидејќи сите оние кои паѓаат на романтиката го очекуваат, туку за чиста комерција, бизнис. Потоа се јави прашањето за тоа каков светител е, дали е „наш" или католички и дали треба да го славиме свети Трифун (кој се слави на истиот ден) или свети Валентин – закрилникот на вљубените?

Сега ќе се обидам накратко да објаснам за светиот Валентин и за начинот на неговото празнување.

Светиот Валентин живеел во третиот век по Христа во градот Интерамни во Италија (пострадал маченички во 273 година) и за време на својот живот направил многу чуда во Христово име. Овој историски податок јасно ни говори дека овој светител спаѓа во редот на Православните бидејќи сите оние кои со својот живот посведочиле за Христос и се удостоиле за светителски венец до 1054 година кога западната црква се одделува од Источната, без разлика на местото на нивното живеење спаѓаат во редот на светители кај православните и кај католиците. Светиот Валентин ѝ е познат на Православната Црква и се празнува



12 август (односно 30 јули по стар стил), а неговото житие го има и во „Охридскиот пролог" напишан од епископот Николај.

Сега се поставува прашањето зошто споменот на светиот Валентин не се чествува во ист ден кај двете цркви? Поместувањето на датумот е направено од страна на католичката црква со цел да искорени (или да му се даде христијанска димензија) еден многубожечки обред кој наполно се косел со христијанските норми на етичко живеење. Имено, на овој ден во Рим се одржувала една манифестација во чест на волците која ја нарекувале Луперкалии (најверојатно името доаѓа од латинскиот збор lupus што значи волк и се мисли дека празнувањето е во чест на волчицата која ги хранела Ромул и Рем – првите жители на градот Рим) каде што жрецот жртвувал коза бидејќи таа му е омилена храна на волкот, а со крвта се премачкувале две момчиња кои после жртвувањето од кожата сечеле ремени кои се викале „фебруа" (најверојатно тоа е коренот на името на месецот февруари) и трчајќи голи и измачкани со крв ги удирале жителите, а ударот од момчињата се сметал за голем благослов. Крајот на празнувањето може да го претпоставите, пијанство и оргии – класичен римски стил. Црквата сакајќи да го отстрани тој душепогубен празник решила на тој ден да го премести датумот на празнувањето на светиот Валентин со цел да се идеализира и велича љубовта кон Бога и кон ближниот, теми за кои светителот зборувал и пишувал. Погрешни се тие мислења кои беа пласирани од медиумите дека светиот Валентин тајно ја извршувал Светата Тај-






на Венчание над оние коишто пристапувале кон неа, бидејќи историјата на Црквата и литургиката тврдат дека во времето кое живеел светителот немало некаква пишана форма за извршување на оваа тајна, па така овој податок не може да се прифати како веродостоен. Но, ова не значи дека ние не можеме да просиме од светителот молитвено застапништво пред Бога за успех во љубовта.

На овој ден Светата Православна Црква го чествува и празникот на светиот маченик Трифун кај нас познат и како заштитник на лозарите бидејќи овој ден по традиција лозарите ги закројуваат своите лозја. Традицијата со закројувањето само по себе не е лоша бидејќи од светителот се бара молитвено застапништво за побогат род, она што е лошо и што ја растажува целата Црква е тоа што на овој маченик му се дава еден крајно недоличен епитет, кој ни не смееме да помислиме да му го дадеме на било кој човек, а најмалку на светител кој се моли за сите нас. Навистина срамо е да го нарекуваме пијаница. Никаде и во ниту едно житие не е напишано дека светиот Трифун пиел алкохол, а камоли да се опива. Кој пијаница влегол во Царството небесно? Но, не се задоволуваме само со тоа што погрдно го именуваме светителот, туку и го славиме на недоличен начин – односно на тој ден, во име на светиот Трифун се собираме на седенки и пиеме вино до бессвет мислејќи дека му угодуваме на Божјиот угодник. Ќе речам дека сме полоши од многубошците кои се пијанчеле за време на празниците бидејќи тие не знаеле за Христос и за Неговата спасоносна наука, а ние се удираме во гради дека сме Христови и Му служиме Нему а стануваме многу полоши од нив! Ние сме повикани да пиеме вино, но не за телесно задоволство, туку да го пиеме виното и да го јадеме лебот кои благословени од свештеникот за време на Литургијата се претвораат во вистинско Тело и Крв Христови. Но, нам полесно ни е да се собереме на седенки, да празнословуваме и да се опиваме отколку да појдеме да земеме учество и да се помолиме на Светата Литургија, или полесно ни е да навратиме до најблискиот gift shop и да подариме нешто на денот на светиот Валентин отколку да се помолиме во храмот и по молитвите на светителот Бог да ни дари љубов, но не љубов телесна, туку љубов кон нашиот Создател, љубов братска, љубов кон нашите пријатели и нашите непријатели.

*Свети Трифуне и Валентине молете го Бога за нас заблудените.*

> „НИКАДЕ И ВО НИТУ ЕДНО ЖИТИЕ НЕ Е НАПИШАНО ДЕКА СВЕТИОТ ТРИФУН ПИЕЛ АЛКОХОЛ, А КАМОЛИ ДА СЕ ОПИВА..."

> „РЕЧИСИ СИТЕ НЕШТА СЕ ДОБРО ИСКОМЕРЦИЈАЛИЗИРАНИ, А СЕТО ТОА НЕ ГО ОДМИНАЛО НИ СОВРЕМЕНИОТ ПРАВОСЛАВЕН ЧОВЕК. ТАКА Е СО ЛИКОТ НА ДЕДОМРАЗ, ЗА КОЈ МНОГУ МАЛ ПРОЦЕНТ ПРАВОСЛАВНИ ЗНААТ ДЕКА ВСУШНОСТ ВИСТИНСКИОТ ДЕДОМРАЗ Е СВЕТИОТ НИКОЛАЈ МИРЛИКИЈСКИ."



# МОЛИТВАТА – НАЈДОБАР НАЧИН ДА ГО ГРАДИМЕ ОДНОСОТ СО ДРУГИТЕ

*Јеромонах Г.*

Да можевме само да видиме дека сè околу нас е во ред, а ние самите сме најголемите нарушители на сопственото благобитие... Сметам дека сите оние кои ќе се научат да се молат или кои ќе навикнат да ја кажуваат молитвата од рано наутро, откако ќе станат, наместо да му се предаваат на светот и надежта своја на него да ја предаваат, никогаш нема да личат на останатите во светот! Многу е тешко да настане таква голема (позитивна) промена во човечката душа само со размислување и поправање во надворешното однесување – овие две димензии не се можни без континуиран молитвен подвиг. Во овој случај, многу потешко ќе нè обзема празнината и бесмисленоста на светот. Потребно е само да се научиме да се молиме и од тоа да го црпиме својот идентитет. Не знам дали е подобро човек да се смета сам на овој свет и со тоа полесно да може Господ да Го сфати како најблизок!

Генерално, сè што очекуваме од овој живот и има врска со овој свет е голема стапица. Тоа значи дека сè што (мора да) посакуваме за себе или за другите се нашите најслаби точки... Нам ни останува да се обидеме да го прифатиме светот и луѓето околу нас како нешто добро и да се обидеме да се молиме за сите, а особено за оние околу нас! Ако успееме во молитвата да ги опфатиме сите луѓе со кои доаѓаме во контакт, ништо нема да биде како порано. Со тоа ќе можеме да се заштитиме од гревовите со кои би се повредувале, како и другите, кои со истите би претрпувале повреди.

Исто така, молитвата е најдобар начин да го градиме односот со другите, било да е тој однос нарушен или сè уште не започнал да се гради. Од друга страна, пак, токму за време на молитвата можеме да осознаеме дали имаме некаков проблем со некоја личност? Секогаш кога молитвата ќе се прекинува и се затемнуваме при спомнувањето на одредена личност е знак дека нешто не е во ред, и дека кај нас постои дефект. Поправањето не подразбира ништо друго освен молитвено обновување на односот, коешто може да биде придружено со самоосудување, оправдување на ближните, прифаќање на Божјата Промисла за нас, желбата и конкретната решителност да го смениме моменталното чувство или мисла. Отците препорачуваат непрекинато кажување на молитвата со ваква насоченост до промена на состојбата на нашата душа. Обично се смета за добар знак молитвата во којашто при спомнувањето на непријателите потекуваат солзи – и тоа може и би требало да го прифатиме како (духовна) задача и вежба.

Иако достапно за секој човек, се прашуваме зошто само мал број подвижници можат истото да го спроведат на дело? Без оглед на тоа кој колку е грешен или, поточно, дали има или нема умносрдечна молитва, т.е. дали со умот може да влегува во срцето и таму да се моли или не, секој еден што е подготвен да оди до крајот на промената на чувството или мислата нема да биде одбиен од Милоста Божја – нешто што се случува во многу од евангелските примери.

Затоа, чистотата на умот при молитвата и нејзиното доволно упорно изговарање се главни принципи во духовниот живот, и сите плодови оттука произлегуваат. Оние што ги нарушуваат се наоѓаат во одредена прелест и се во опасност никогаш да не можат да излезат од истата. Ова се однесува на конкретен подвиг што се спроведува во одредено (релативно кусо) време, во коешто најголем дел од силите ги насочуваме кон молитвата и кој ја подразбира молитвата во потесна смисла.

Од друга страна, молитвата која се кажува на механички начин додека се занимаваме со нешто друго е повеќе навика и од неа потешко може да ги имаме ефектите на првата, иако по подолг период и тука може да се очекуваат значителни плодови, дури и поголеми од оние на првата [доколку во истата (првата) не се трудиме редовно и покрај поголемите плодови што се добиваат]. Затоа, се претпоставува дека подобро им е на оние што не се занимаваат со нештата од светот и дека тие имаат повеќе слободно време (за длабока умносрдечна молитва).

Генерално, подвижниците се занимаваат со двата вида молитва – со едната го поминуваат денот и се подготвуваат за втората, која ги искачува до боговидението, а нам ни останува дали ќе се обидеме да ги следиме.





"ИСТО ТАКА, МОЛИТВАТА Е НАЈДОБАР НАЧИН ДА ГО ГРАДИМЕ ОДНОСОТ СО ДРУГИТЕ, БИЛО ДА Е ТОЈ ОДНОС НАРУШЕН ИЛИ СÈ УШТЕ НЕ ЗАПОЧНАЛ ДА СЕ ГРАДИ."




# ПРЕД ЛИКОТ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА

*Протојереј Чедомир Илиевски,*

Почитувани дечиња, погледнете колку е убава оваа слика (икона). А дали знаете која е таа Жена? Тоа е Света Богородица. Ние Неа ја нарекуваме уште и Пресвета Дева Марија или Мајка Божја, зашто таа Го роди Господа Исуса Христа. А Кого Го држи во нејзините раце? Тоа е Господ Исус Христос кога бил мал, Дете. Гледате ли ученици како Пресвета Богородиц амилостиво гледа Исуса, а ги сака и сите добри и послушни деца. Таа не сака и сите нас.
Почитувани дечиња, денес ќе учиме за Пресвета Дева Марија.
Пресвета Дева Марија имала многу добри родители, кои се викале Јоаким и Ана. Ним Марија постојано им помагала во секојдневните домашни работи. За нив Марија честопати се молела на Бога и секој нивен збор го почитувала. Нејзините добри родители често си зборувале помеѓусебе: „О, колку е добра Марија!“ Значи, Пресвета Дева Марија и како мало девојче била добра и побожна. Таа никогаш не сакала да направи нешто лошо. Секогаш го правела само она што било добро, чесно и убаво. Нејзиното срце никогаш не било извалкано, туку секогаш чисто...
А дали знаете со што може да се извалка нашето срце? Срцето се валка со гревови. Како што се валкаат нашите раце со кал, така ни се валкаат и срцето и душата кога правиме нешто лошо, односно некаков грев. Така дечиња, ние треба да се молиме на Света Богородица и нас да не запази од гревот.
Вие знаете што се тоа лоши ангели. Се сеќавате ли кога учевме за создавањето на невидливиот свет. Да се потсетиме: невидливиот свет го сочинуваат ангелите. Сите ангели во почетокот биле добри и ја исполнувале Божјата волја. Но, подоцна еден од нив се возгордеал и Му се спротивставил на Бога. Тој успеал со себе да привлече и други ангели. Бог нив ги казнил и ги отфркил од Себе. Сите нив ги нарекуваме лоши ангели или лоши духови. И навистина тие се многу лоши, ги наведуваат луѓето на зло, односно грев. Пресвета Богородица одсекогаш се спротивставува на лошите духови и ги заштитува сите оние кои и се молат. Таа не го сака злото ниту гревот. Затоа и лошите духови се плашат и бегаат од неа. Таа и нејзиниот Син Господ Исус Христос се многу посилни од лошите духови. Затоа и треба да им се молиме да не запазуваат од било какво зло и напаѓање од лошите духови.
Лошите духови често ги наведуваат децата да бидат недобри: горделиви, вообразени и сл. Тие често на детето му зборуваат на увото: „Ти си добро дете, а сите останати не се така добри; ти во училиштето си најдобар; ти знаеш добро да пишуваш, да читаш и да пресметуваш; ти најдобро знаеш Катихизис (веронаука), а оној таму е голем мрзливко, а она девојче не знае ништо, а колку долго оди на училиште“. Внимавајте дечиња, кога на вас вака лошиот ангел ќе ви зборува. Тогаш треба веднаш во себе да си помислите и да си речете: „Бегај од мене ти си лош дух, јас не сакам да ги потценувам моите другарчиња, и тие се добри, јас ги сакам, тие често ми помагаат и играме заедно. Ти лажеш! Ти и баба Ева ја прелага во рајот“. Кога така ќе помислите, лошиот дух ќе побегне од вас и со ништо не може да ви наштети.
Значи, денес научивме дека Пресвета Богородица ги сака сите добри дечиња и нивните родители, учители и сите роднини и пријатели или со еден збор речено сите добри луѓе на светот. Затоа и пред Нејзината икона секогаш треба да се молиме со следнава молитва: „Богородице Дево, радувај се, благодатна Марие, Господ е со Тебе! Благословена си Ти меѓу жените и благословен е плодот на Твојата утроба, зашто си Го родила Спасителот на нашите души!“ Амин.





# ИЛИНДЕНСКОТО СОНЦЕ ГИ ГРЕЕ ЛИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ШИРУМ АВСТРАЛИЈА

(2 дел)

*Кире Циревски*

Низ редовите на друштвото како фолклористи и активисти во овој изминат период поминаа околу 6.000 членови со нешто повеќе од 2.500 концерти. Бројот на членовите фолклористи и активисти повремено се зголемуваше или опаѓаше, но активноста кон остварувањето на целта не изостануваше. Одвреме навреме се јавуваа разни проблеми и недоразбирања, но сепак целта беше постигната: да се зачува старокрајскиот обичај, јазикот, културата, фолклорот, просто речено, македонското име и нашето постоење на овие далечни простори. Активностите од ден на ден се повеќе се зголемуваа. Од својата богата програма за одбележување се: целовечерните концерти, игранките, настапите на Црковно-народните собири и фолклорните фестивали организирани во сопствена и во режија на Министерствата за образование и култура на поедина федерална единица од австралиската федерација, како и други друштва и асоцијации.

Целовечерни концерти имаше скоро во сите поголеми градови ширум земјата: Сиднеј, Мелбурн, Аделаид, Волонгонг, Њукастел, Канбера, Бризбејн, Перт и др.

На Црковно-народниот собир одржан во Мелбурн 1978 година под покровителство на Епархискиот управен одбор на кој учествуваа друштва само кои работаат во склоп на македонските православни црковни општини, друштвото се закити со епитетот „Амбасадор и чувар на македонската култура во Австралија“, освојувајќи го првото место. Овие зборови ги искажа сега блаженоупокоениот Архиепископ Охридски и Македонски г.г. Доситеј во моментот кога им ја честиташе победата при врачувањето на трофејот.

Од поважните настапи и презентации на автохтониот македонски фолклор ги одбележуваме следниве: Австралискиот Интернационален Мултикултурен Фолклорен Фестивал (Australian International Multicultural Dance Festival) кој се одржа во Канбера од 4 - 6 октомври 1981 година, и оттогаш секоја година КУД „Илинден“ настапува на овој познат фолклорен фестивал.

Во силна конкуренција од 45 културно-уметнички друштва од разни националности кои се преставија во престолнината на Австралија, нашето КУД „Илинден“ се пласира меѓу првите пет фолклорни групи. Овој фестивал за првпат беше организиран во Канбера и покровител беше федералната влада на Австралија. КУД „Илинден“ настапува на Шел (Sheel) и Квантас (Qantas) фестивалите кои традиционално се одржуваат во познатата Оперска куќа, а се под покровителство на владата на Нов Јужен Велс, а името го добиваат по компаниите кои ги спонзираат фестивалите.

Локалните општини организираат исто такафолклорни фестивали, каде учествуваат сите етнички заедници. Тоа се (Carnivale) фестивалите. Сите овие се традиционални фестивали, кои имаат за цел да го прошируваат мултикултурализмот и да ги зближат сите етнички заедници во една нација, како што се предвидува и оди кон тоа - многу народи, многу култури, една нација (Australian nation).

Македонското културно-уметничко друштво „Илинден“ ја имаше честа да се престави пред пошироката јавност за време на големите прослави по повод 200-годишнината од доаѓањето на Европјаните на овој континент. Од федералната, па сè до лакалната власт на Австралија, беа формирани специјални одбори за прослава на овој голем јубилеј. Тие, таканаречени Бајсентенијал одбори (Bicentennial Committee), им овозможија на сите етнички заедници да се претставаат онака како што знаат и умеат. Насекаде ширум Сиднеј, на сите можни манифестации КУД „Илинден“ достојно го презентираше нашето македонско име, богатиот фолклор и шаренилото на оргиналните народни носии.

Во 1991 година КУД „Илинден“ на Квантас фестивалот во Оперската куќа настапи во таканаречената златна програма со најквалитетните фолклорни друштва од Сиднеј и пошироко, од Нов Јужен Велс. Оваа програма се презентираше пред преставниците на дипломатскиот кор стационирани во Сиднеј.

Нивниот број е мошне голем. Ги има од сите страни на земјината топка. Пред сите нив се претставивме со убавото македонско оро, како посебен народ со свој јазик, култура, фолклор и со она што нè карактеризира како посебан етнос од другите.

КУД „Илинден“ во најсилната конкуренција во три наврати 2002, 2003 и 2006 год. го освои првото место на таканаречениот „The McDonald’s PerformingArts Shallenge“ организиран од Sydney Cultural Council, а под патронат на Her Excellency Professor Marie Bashir AC – Governor of New South Wales.

Зачетоците на овој фестивал датираат од 1933 година и е еден од најстарите и најголемите фестивали кои опфаќаат широк спектар на категории преку кои се промовира и презентира културната креативност и способност на учесниците. Секоја година организатор е Sydney Cultural Council со помош на стручни лица, професионалци од министерствата за уметност, култура и образование на федералната држава Нов Јужен Велс.






Од 25 декември 2004 до 3 јануари 2005 година друштвото „Илинден“, како специјален гостин по покана на организаторите на Woodford folk festival - фестивалот во сојузната држава Квинсланд, направи еднонеделна турнеја. Особено важно е да се напомне дека на плакат–програмата на овој фестивал беа поместени две фотографии од друштвото „Илинден“, односно една на насловната страница, што потврдува дека КУД „Илинден“ е квалитетна фолклорна група која заслужува и посебно внимание. Покрај многубројните настапи ширум петтиот континент, во четири наврати КУД „Илинден“ учествуваше на традиционалниот фестивал „Илинденски денови“, кој се одржува во Битола (1978, 1983, 1988, 2005 и 2008), настапувајќи на иселеничките прослави скоро во сите градови на Македонија.

Список на членовите кои патуваа во Република Македонија за време на првата турнеја во 1978 година: Кире Пашовски (претседател), Ѓорги Бушиновски (секретар и кореограф), Ѓорги Иљов (шеф на оркестарот), Злате Костовски (кларинетист), Пеце Каранфиловски (џез и тапани) Фолклористи: Драги Вангеловски, Пеце Поповски, Митко Божиновски, Спасе Кочовски, Драги Јовановски, Златко Тренковски, Цане Пеовски, Ристо Димитриевски, Нада Димитровска, Елизабета Пашовска, Сузи Ѓоргиовска, Мери Вангеловска, Силвана Евтимовска, Славица Јанкуловска и Виолета Пупковска.

Список на членовите кои патуваа во Република Македонија на турнејата во 1983 година: Кире Циревски (претседател на МПЦО „Света Петка“ и на КУД „Илинден“), Никола Трајко(уметнички раководител), Цане Пеовски (кореограф). Оркестар на КУД „Илинден“: Ѓорги Илов (хармоника), Благоја Стојчевски (кларинет), Иван Ѓоргиевски (гитара), Миле Стојчевски (тапани). Фолклористи: Катерина Стојановска, Гордана Велковска, Весна Стојановска, Мендо Пеовски, Оливер Пупалевски, Роза Најдовска, Јулијана Циревска, Ѓорги Ристевски, Звонко Пупунчевски, Аница Таневска, Вирџинија Главинчевска, Борис Неделковски, Борче Стојчевски, Драги Бавчанџиовски, Гордана Пауновска, Билјана Мицевска, Најдо Петровски и Димче Јошевски.

Список на членовите кои патуваа во Република Македонија на турнејата во 1988 година: Живко Нешевски (координатор), Живко Велковски (технички раководител), Оливер Пупалевски (кореограф), Благоја Стојчевски (кларинет и шеф на оркестарот), Тони Атанасовски (хармоника), Миле Стојчевски (тапани). Фолклористи: Николче Нешевски, Драги Митревски, Живко Стојановски, Оливер Нечковски, Боби Велјановски, Рубинчо Чорбовски, Сузана Иванов, Сузана Митревска, Валентина Иванов, Сузи Велковска, Хемнелина Трајкова, Доста Бицовска, Сузана Николовска, Силвана Ласовска, Весна Велковска, Елизабет Деримачковска, Златко Димовски, Љупчо Николовски.

Список на членовите кои патуваа во Република Македонија на турнејата во 2005 година: Славица Јосифовска (претседател на КУД „Илинден“), Јорго Капорис (кореограф), Крсте Лолевски (благајник), Кире Циревски (преставник од МПЦО „Света Петка“). Фолклористи: Ана Ацевска, Натали



Брешовска, Маја Димитрова, Марија Димитрова, Сузана Ѓуровска, Натали Каранфиловска, Тања Котевич, Наташа Котларовска, Адриана Лолеска, Петар Ацевски, Сашо Андреевски, Ник Брешовски, Томас Јанкуловски, Благоја Јосифовски, Даниел Калајџиовски, Кристофер Каранфиловски, Александар Митревски и Метју Салевски. Друштвото Илинден го придружува вокално инструменталниот состав ИМПРЕЗИА под раководството на Кристофер Циревски на кларинет, Билјана Гелмановска на виолина, Александар Јосифовски на тапани и Благојче Петров.

Список на членовите и родители кои патуваа во Република Македонија на турнејата во 2008 година: Славица Јосифовска (претседател), Илија Ацевски (потпреседател), Крсте Лолевски (благајник), Кристофер Карафиловски (кореограф), Виолета Ацевска, Петар Ацевски, Сашо Андреевски, Цесика Босевска, Николче Дојчиновски, Елена Германовска, Танас Германовски, Сузана Ѓуровска, Александар Јосифовски, Благоја Јосифовски, Гоце Јосифовски, Тања Котевиќ, Адриана Лолевска, Мелиса Митрески, Натали Стојановска, Менка Стојановска, Кристина Василевска, Стево Василевски, Драгица Василевска.

КУД „Илинден“ е побратимено со КУД „11 Октомври“ од Престон Викторија на 28 ноември 1981 година, по повод 15-годишнината од постоењето на друштвото „Илинден“, чија повелба беше објавена во првиот дел, односно во претходниот број на „Православие“.

Ако се пишува хронолошки за работата и делувањето на ова наше културно-уметничко друштво, навистина подобро би било да се направи посебна монографија за друштвото, бидејќи има уште многу работи и активности кои не се начнати во ова наше презентирање. Ова е само еден јубилеен потсетник.

Во овој петдецениски растеж друштвото постигнува видни резултати и е носител на скоро сите поголеми културни манифестации кои се одржуваат во Сиднеј. За некои покрупни манифестации организирани се посебни наменски одбори бидејќи како носител се јавува пошироката македонска заедница од Сиднеј или пошироко од Нов Јужен Велс, но сепак главен носител на манифестациите е КУД „Илинден“ или Македонската православна црковна општина „Света Петка“, во чии рамки работи друштвото „Илинден“. Таква беше поставеноста за време на одржувањето на Деновите на македонската култура во 1986, 1988 и 2001 година.

Како што се менуваа генерациите, така се менуваа и активистите, кореографите и управите. Уште од самите зачетоци на КУД „Илинден“, како кореограф и играорец се јавува Ѓорги Ѓакоски, а потоа следуваат Ѓорги Бушиновски, Цане Пеовски, Пеце Поповски, Оливер Пупалевски, Боби и Бети Велјановски, Лазе и Нада Петковски, Цими и Бети Стојановски, Зоран и Роза Рунчевски, Тони Христов, Јорго Капорис, Кристофер Каранфиловски, Наташа Митревска, Сара Неделковска и Емили Наумовска. Повремено во друштвото преку Матицата на Иселениците од Македонија доаѓаа кореографи кои поставуваа нови сплетови и ги подучуваа нашите кореографи.

Во изминатиот петдецениски период како претседатели или координатори на друштвото беа следните личности: Ристо Велов (1966/68), Ацо Босилковски (1968/69), Симе Зипевски (68-75), Томе Наумовски (1975/77), Кире Пашовски (1977/80), Јоне Белчефф (1980-82), Кире Циревски (1982/84), Живко Нешовски – координатор (1984/86), Кире Пашовски (1986/87), Јоне Белчефф (1987/89), Кире Пашовски (1989/93), Живко Велковски – координатор (1993/94), Киро Илиевски (1994/96), Борис Атанасовски (1996/98), Кире Пашовски (1998/2003), Ратко Андреевски (2003/05), Славица Јосифовска (2005- ), Пеце Наумовски.

КУД „Илинден“ од своето постоење, пред пеесет години, е вистински амбасадор и презентер на Македонското фолклорно творештво на овие простори, и е еден вид подвижен музеј на она најубавото, исконското, непроценливото македонско фолклорно богатство кое претставува идентитет и историја на Македонскиот народ.

Покрај негувањето на фолклорното творештво, КУД „Илинден“ веќе педесет години обичаите, игрите, песните и носиите, преку успешните кореографски поставки ги преточува во колорит и префинет израз на играње, пеење и презентирање на убавите оригинални носии изработени пред повеќе децении кои претставуваат амблем на македонската култура.

Со високата уметничка презентација на овие кореографски поставки, КУД „Илинден“ со години ја освојува публиката. Во 50-годишното презентирање на фолклорното творештво има настапувано на повеќе од 2.000 концерти, фестивали и други културни приредби, со нешто повеќе од 4 милиони посетители. За време на едномесечните турнеи низ татковината друштвото има настапувано во сите градови, и учествувано на скоро сите фолклорни фестивали, а во 2005 како гостин настапи на познатата културна манифестација „Галичка свадба“.

За успесите на друштвото говорат и многубројните освоени трофеи, дипломи, признанија и благодарници добивани по разни поводи кои ги красат витрините на Културно-образовниот центар „Илинден“ во квартот Рокдејл, веднаш до црквата „Света Петка“. Своевидна потврда е и јубилејниот целовечерен концерт – спектакл одржан во „State“ театарот еден од најпрестижните театри во земјата и пошироко, на кој присуствуваа околу 2.000 Македонци и посетители од други националности.



*Еве една песна посветена на јубилејот 50 години „Илинден“:*

# *На основачите*

*(50 години КУД „Илинден“)*

Иако малкумина тогаш бевте
меѓу себе самите се организиравте.
Како зеница во окото,
Родот наш македонски го чувавте!

Можеби неписмени за некого бевте,
ама духот наш македонски,
во себе од дамнина го носевте,
и секаде со него се гордеевте!

Многу друштва, цркви и асоциации,
можеби неписмени, ама направивте
на народот наш македонски,
наследство му оставивте.

Македонци од сите страни збрани,
Светиклиментово кандило запалија.
Родот наш го продолжија,
цркви насекаде се изградија.

На 26 ноември 1966 лето Господово,
во драјклината на Стево Јовану,
темелите ги поставија.
Илинден во душите ни го посадија!

Оттогаш многу генерации се изменија,
многу македонски песни и ора изучија,
духот наш македонски ни го чуваат,
македонска култура насекаде промовираат!

Илјадници концерти се организираа,
во Оперската куќа многупати настапуваа,
во Канбера сите со ред ги победуваа,
во Македонија неколкупати гостуваа!

Илинден, ти звездо наша Македонска,
од ден на ден се посјајна си!
Ти ни го продолжуваш одот наш,
за да не ни секне родот наш Македонски!

На активистите, основачите и продолжувачите
на делото македонско обновувачите,
нека им засвират сега свирачите!
На Илинден, за Илинден за навек Илинден!

Ова 2016-то лето Господово,
педесет години Илинденци слават.
Во Стајт театарот на Сиднеј,
македонската култура ќе ја престават
и на цела јавност да ѝ кажат:
Македонија била и пак ќе си биде цела!



# ЗА ИКОНАТА НА СРЕТЕНИЕ ГОСПОДОВО

*Монах Григориј (Круг)*

Сретение е средба на старецот Симеон со Бога. Целиот Стар Завет го дочека исполнувањето на желбата на „своите молитви". Симеон, старец со воздржание во животот, откако дочека длабока старост го доживеа на крај денот кога беше просветен; тој Го прими во своите раце Бога поради што и беше наречен Богопримец. Така тој го дочека исполнувањето на своите надежи и ја понесе на своите раце утехата на Израилот во Христос Емануил.

Старецот Симеон, според Преданието свештеник на Ерусалимскиот храм, поради своето неверие беше осуден на длабока старост за да би се уверил во доаѓањето Христово; тој доживеа и да Го види, и на раце да Го понесе Христа. И празникот Сретение, како и иконата на празникот, се израз на радост поради исполнувањето на Старозаветните ветувања за Христовото доаѓање. Во Симеон како да се собрало сето старозаветно благочестие и сета неугасена жед на јудејскиот свет да се сретне со Спасителот. Но, само нему му беше дадено да Го доживее ова и со свои очи да Го види Христа. Тој го дочека тоа и се сретна со четириесетдневниот Господ, Кого што Богомајката и Јосиф Обручник Го донесоа во храмот за да го исполнат законот.

На иконата старец Симеон е изобразен како во своите раце Го држи Спасителот. Секоја црта на старчевото лице како да ја изразува со тоа држење на Господ во своите раце, суштината на сите старозаветни надежи. Старецот е наведнат над Богомладенецот, секоја линија на неговото тело како да е насочена кон Спасителот, и со тој наведнат став тој како да станува сад во којшто се влева благодат, додека неговите раце, мирни и прекриени со краевите од одеждата, прават престол за Спасителот.

Спасителот е претставен како седи на рацете Симеонови, но не како обично новороденче, туку како четириесетдневен цар на престолот. Христос со Својата десна рака го благословува Симеон, кој е наведнат над Него, а во левата рака има свиток со којшто го разрешува од гревовите. На иконата на Сретение Спасителот со лицето не е свртен кон Мајката, туку кон Симеон, и таквата положба на Христовата глава укажува на особеноста на Неговото служење, која се препознава и тогаш, кога на Преполовение на Пасха, дванаесетгодишниот Христос како да ја игнорира Мајката додека беседи со свештениците на Ерусалимскиот храм. Тоа занемарување на семејството е нагласено со целата композиција на иконата, со распоредот на нејзините ликови.

На средината на иконата не е изобразен некаков човечки лик, туку престол со архиволт на столбовите. И престолот и столбовите на коишто се држи архиволтот како да ја делат иконата на два дела. Од една страна се изобразени ликовите на Мајката Божја и Јосиф Обручник, а од другата на Симеон и пророчицата Ана кои се дојдени на Сретение со Христа. Јосиф Обручник во рацете носи два гулаби, жртви кои се принесуваат при обредот. Тие два гулаби Црквата ги толкува како праобрази на јудејскиот и паганскиот свет. Мајката Божја е наведната, со положба на рацете како да Го носи Спасителот: Мајката Божја како да Го носи Спасителот, но Спасителот не е повеќе во Нејзините раце: Него Го држи Симеон Богопримец, и престолот на самата средина од иконата, којшто се наоѓа помеѓу Мајката Божја и Христос на рацете Симеонови, прави како некаква ненадминлива препрека. Мајката Божја е претставена како да е лишена од Спасителот; целиот Нејзин лик со рацете наведнати како Спасителот да е сè уште во нив, изразува неискажлива тага. Тоа е предзнак на идното мајчинско страдање на Мајката Божја, проречено од Симеон: „А и тебе самата, меч ќе ти ја прободе душата, за да се откријат мислите на многу срца" (Лука 2,35).

И положбата на рацете на Мајката Божја, и целото Нејзино држење изразува претчувство дека таа ќе Го изгуби Синот; а тоа Мајката Божја и го поднела стојејќи крај крстот.

Сретението припаѓа на Големите празници со коишто се слави Христос, но според богослужбената содржина е близок до празниците посветени на Богородица, и првично, кога настанал, е сметан за празник со којшто се слави Мајката Божја. На иконата, ликовите на Христа и Мајката Божја имаат исто значење: Младенецот Спасител седи на рацете од Богопримецот Симеон кој, пак, на свои раце Го примил Спасителот, симболизирајќи го така старозаветниот свет кој се исполнува со Божественото; и Мајката Божја, која тргна на крстниот пат и која Го дава својот Син поради спасението на светот. И целата композиција на иконата е одраз на двојната природа на празникот: радоста на Црквата за Сретението и страдалната тага на Великата Седмица, односно она за што зборуваше Симеон Богопримец и што им даде пророчка смисла на неговите зборови: „Еве, Овој лежи за паѓање и подигање на мнозина во Израилот, и е знак против Кого ќе се говори" (Лк. 2, 34). Овие зборови се полни со есхатолошка смисла која се однесува на Спасителовото служење во целина, за да се исполни кажаното (за крајот на времето и надежта во доаѓањето на Судот и Идниот век). По својата смисла есхатолошки се и зборовите упатени кон Мајката Божја: „Ќе ги понесеш сите таги на светот поради спасението на паднатиот човечки род".

Превод:
Братството при Бигорскиот манастир





# МАРКОВ МАНАСТИР „СВЕТИ ВМЧ. ДИМИТРИЈ СОЛУНСКИ“

*Сестра Илијана (Илкова), игуманија на Марковиот манастир „Свети вмч. Димитриј Солунски“ – Скопско*

*„Се обнови овој пребожествен храм на светиот великомаченик Христов, победоносец и чудотворец Димитриј, со усрдието и поспешението на благоверниот крал Волкашин и со благоверната кралица Елена и со премногу љубените нивни ќерки и синови, благоверниот крал Марко и Андреаш, Иваниш и Димитар, во годината...“*

Храмот на свети Димитриј е завештание на кралското семејство на Волкашин, а воедно претставува и една од последните големи кралски завештанија на територијата на Македонија. Натписот над јужниот влез, во наосот ги овозможува основните податоци за подигнувањето на храмот; започнувањето на неговата градба е во периодот на Волкашиновото владеење, во 1345 година. Натписот е испишан во форма, преку која, на еден ретроспективно-хронолошки стил, е предадена кратката историја за настанувањето на храмот, неговите ктитори, со титулите кои ги носеле во тој период. Манастирот е лоциран на околу 20 километри јужно од Скопје, во живописно природно опкружување, во близина на селото Маркова Сушица. Топонимите како Маркова Река, Маркова Сушица, Марково Кале, денес сѐ уште речито говорат за неизбришливата трага која последниот македонски крал ја оставил на овој предел. Марковиот манастир претставува комплекс од затворен тип,со централна позиција на манастирската црква, околу која гравитираат придружните објекти, ориентирани кон внатрешноста на централниот двор.

Од придружните објекти, денес функционира југозападниот конак (во кој е сместен игуменскиот и монашкиот дел), старата трпезарија, јужниот конак (денес со гостинска намена), помал конак, кој е пренаменет во параклис, казаница со фурна и воденица. Главниот влез во комплексот е преку широка двокрилна врата, вградена во широкиот манастирски ѕид, проширен со мал објект на две нивоа, кој некогаш ја имал улогата на стражарница. Објектите околу манастирот, кои денес опстојуваат, се градени кон крајот на XIX и почетокот на XX век.

Од автентичното време на протогената градба од XIV век датира само католиконот и старата трпезарија. Исто така, во XIX век, на западната страна на храмот е изграден и отворен трем. Во сакралната топографија на Марковиот манастир припаѓале и црквите посветени на свети Никола, која е зачувана до денес, свети Архангели, денес во рушевини и Пресвета Богородица, урната во почетокот на дваесеттиот век од надојдените води на Маркова Река.

Архитектонското устројство на католиконот на манастирот се поврзува со владеењето на кралот Волкашин, додека остварувањето на полнотата на храмот – со врвниот финиш предаден преку длабочината на богословската ерудиција на сликаната програма, како и воведувањето на литургискиот и монашкиот живот – се реализира за време на Волкашиновиот наследник, неговиот син, крал Марко. Исто така, преземените дејства, современи на храмовото живописување – фрескодекорацијата на трпезаријата, изградбата на конаци и монашки ќелии – во историјата ќе се запише како чин и заслуга на овој последен христијански владетел на овие простори, по кого и самиот манастир, како и називите на блиската топографија, ќе бидат популарно прочуени како Маркови. Својата угледна позиција Марковиот манастир ја стекнал благодарение на изобилните духовни вредности, богословската тежина на иконографијата на храмовата сликана програма, како и плодната книжевна активност и богатиот духовно-монашки живот.

Во текот на своето вековно постоење и активен литургиски живот, манастирот, покрај духовната, ја збогатувал и културно-просветната ризница на книжевни дела, преку ракописни и илуминирани книги, настанати во периодите кога манастирот бил значаен скрипторски центар во скопската околина. Материјалното богатство, изразено преку скапоцени богослужбени предмети, во текот на плимите на историските бранувања, ќе биде засекогаш отуѓено од манастирот или уште пострашно, засекогаш уништено.

Сведоштво за материјалното и духовното манастирско богатство ќе биде и живиот интерес на истражувачите, патеписците, поклониците, чиј континуиран и вековен восхит кон манастирот ќе резултира со долгогодишното составување на мозаикот на широката претстава на вистинските вредности на манастирот, кој на разновиден начин ги привлекува трагачите во одгатнувањето на тајните на неговиот вековен мистичен опстој.

Страшниот пресврт на настаните, кобната битка на реката Марица во 1371 година, во која славниот крал Волкашин ќе го положи својот живот, ќе го одложат вообичаениот тек на целосната изведба на активностите околу храмот.

Настанувањето на храмот, особено на неговиот живопис,ќе настане во тој тежок и неизвесен период, кога околните христијански владетели доживуваат пораз врз пораз, од иноверната рака на суровиот освојувач.

Новонастанатата потреба и улога која ја презел кралот Марко, да се заштити земјата и народот од надвиснатата погибел, преку длабока симболика ќе биде изразена и вткаена во многуслојното значење кое го носи храмот, особено неговиот фрескоживопис. Изборот на Светителот-патрон на храмот, светиот Димитриј, кој се вбројува во редовите на светите воини, недвосмислено ја изразува непоколебливата надеж во заштитничката улога на Светителот од наездите на непријателските војски, кои полека ќе го стеснуваат кругот околу земјата.

Силната вера во Бога и обединетоста под покровот на верата ќе го засилат својот интензитет, а кралот Марко ќе ја понесе главната ролја и водство во новата заштитничка улога. Слоевитата симболика ја пронаоѓаме на многу места во зачуваниот фрескоживопис, а особено во ктиторската композиција на јужната фасада на храмот, која во себе ја зачувала јас-





ната порака на новиот владетел во увереноста на Божјата заштита на христијанскиот престол.
Живописот на Марковиот манастир се карактеризира со инвентивно распоредена тематика, специфично разложена артикулација на темите, нестандарден просторен распоред на одредени композиции, со цел нагласување на нивната важност и впечатлива иконографска зададеност.
Живописот е распореден во повеќе зони. Во најниската, прва зона на ѕидовите е насликана галерија на стоечки фигурина светители, во којашто, на северниот ѕид е вброена и претставата на ктиторското семејство, која се надоврзува на целината на композицијата на Небесниот Двор: Христос е седнат на трон, фланкиран од два ангела, а покрај Него се насликани претставите на Богородица и свети Јован Крстител, старозаветниот цар Давид и стоечки фигури на свети воини, сите насликани во благородничка облека.
Темата на Небесниот двор во православната иконографија ја црпи својата инспирација од текстуалната подлога на старозаветниот псалм (44) на царот и пророк Давид, кој во контекст на оваа ликовна композиција, ја симболизира Божјата заштита на владетелскиот престол. Така, ктиторските портрети на Волкашин, Елена и Марко, симболично ја приложуваат прозбата кон Бога за Неговиот неопходен благослов при нивното владеење.
Во втората зона на фрескоживописот е претставата на Акатистот на Пресвета Богородица: Најсвечената химна, која православната литургиска химнографија ја посветила на Пресветата Богородица, сочинета од 24 икоси и кондаци, била текстуалната подлога која се оживотворила на ѕидовите на храмот. Секој од 24-те икоси и кондаци добил свој сликан пандан, сместен во рамките на циклусот, кој се протега во втората зона на живописот. Важноста која ѝ се доделува на Дева Марија, како Богородица-Теотокос, преку Акатистот ја добива својата богослужбена потврда, а неговото присуство во сликаниот фрескоансамбл, двојно ја валоризира важноста која Божјата Мајка ја има во православната сотириологија.
Во третата зона на фрескоживописот се илустрирани циклусите на Христовите Страдања и Христовите чуда и параболи, како и циклусот на Христовите поствоскресни јавувања. Сцени од житието на патронот, како и на големиот архиереј и чудотворец свети Никола, добиле свој ликовен осврт во горните зони на нартексот. Илустрирани во повеќе сцени и епизоди, овие циклуси ја укажуваат непоходната чест и уважување на храмовиот патрон, како и на еден од најголемите отци на Православната Црква.



Илустрациите од животот на патронот свети Димитриј се насликани на северниот и јужниот свод во нартексот, предадени преку четири сцени, од кои се сочувани само оние на северниот свод. Животот на свети Никола е илустриран на сите четири ѕида во нартексот. Создаден од околу петнаесетина сцени, почнува на јужниот ѕид со Раѓањето на Светителот, а завршува на источниот ѕид, со илустрацијата на неговата смрт.
Поткуполниот простор на храмот ја зачувал илустрацијата на циклусот на Великите празници, додека во темето на куполата едопојасната претстава на Христос Пантократор – Сегдржителот на целата вселена, кој со едната рака држи затворено евангелие, а со другата ги благословува своите созданија. Под оваа претстава насликани се ангели, додека во тамбурот – старозаветни пророци. Четирите евангелисти го добиле своето вообичаено место на сликање – на четирите пандантифи под куполата.
Насликаните претстави, распоредени долж ѕидовите на храмот, изобилуваат со плејада ликови на светители, пустиници, свети воини, старозаветни пророци, маченици, кои во склоп на претставените циклуси и композиции, како и поединечно, ја надополнуваат богословски детално промислената програма на фрескоживописот.
Неминовно се наоѓаме исправени пред еден од најзначајните бисери на средновековната сакрална уметничка продукција.
Со благослов на Неговото Блаженство, Архиепископот Охридски и Македонски г.г.Стефан, од 2004 година, во манастирот е обновено женското монаштво, возглавено од игуменијата Илијана, со живот устроен според општежителен монашки типик, каде што Исусовата молитва го зазема централното место, заедно со послушанието.



Литургискиот живот е обновен и секој може, според утврдениот богослужбен редослед, да присуствува на Божествената Литургија и да се соедини со Телото и Крвта на нашиот Господ Исус Христос.




12. 11. 2017

## ДЕЛЕГАЦИЈА ОД АВСТРАЛИСКО – СИДНЕЈСКАТА ЕПАРХИЈА ПРИСУСТВУВАШЕ НА ПРЕМИЕРАТА НА ДУХОВНИОТ КОНЦЕРТ „ЦЕЛА НОЌ БДЕНИЕ“

Во Австралиско – новозеландската епархија на Руската Задгранична православна црква, со благослов на Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот г. Иларион, Прв ерарх на Руската Задгранична Црква, Митрополит на Њујорк и Источна Америка и Архиепископ Австралиско – сиднејски, како и со благослов на Неговото Преосвештенство  Епископ г. Ѓорѓи на Канбера и викарен епископ на Австралиско – новозеландската епархија, на 12 ноември 2017 година во Мелбурн, се одржа долгоочекуваната премиера на хорската изведба „Сите ноќни бденија“ на Сергеј Рахманинов.

На концертот, кој беше во организација на г. Николај Ковал (Коваленко) и на г. Ананија Ананиевски, свое присуство зедоа повеќе од 250 гости, кои дојдоа да го слушнат изведувањето на духовните дела на познатите руски композитори.

Меѓу поканетите гости, на концертот присуствуваше и делагација од Австралиско – сиднејската епархија на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, предводена од Неговото Високопреподобие, Архимандритот Гаврил (Галев) во придружба на протојерејот – ставрофор Ефтим Бетински и на јерејот Климент Станковски. Откако заврши концертот делагацијата ја имаше можноста да се сретне со Митрополитот г. Августин од Украинската православна црква (Московска патријаршија) и со надлежниот Викарен епископ г. Ѓорги.

Известува:
Информативната служба












02. 12. 2017

*Духовна академија по повод големиот јубилеј*

## „50 ГОДИНИ ОД ВОЗОБНОВУВАЊЕТО НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО ЛИЦЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА (1967-2017)“

*во храмот „Свети Георгиј и Пресвета Богородица“ во Мелбурн*

Во петок, на 2 декември 2017 лето Господово, во организација на Македонската православна општина за Мелбурн и Викторија (МПОМВ), во храмот „Свети Георгиј и Пресвета Богородица“ во Епинг, Мелбурн (Викторија) се одржа свечена Духовна академија по повод големиот јубилеј „50 години од возобновувањето на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква – Охридска архиепископија (1967-2017)“ и по повод „Споменот на Свети Климент Охридски“, кој е патрон и заштитник на нашата Помесна православна црква и на манастирот во Кинг Лејк.

Чествувањето започна со Света вечерна богослужба, на која чиноначалствуваше Неговото Високопреподобие, Архимандритот г. Гаврил (Галев), игумен на манастирот „Свети Климент Охридски“ во Кинг Лејк, во сослужение на протојереј – ставрофор Ефтим Бетински и мојата смиреност, јереј Климент Станковски, старешина на храмот.

Потоа следуваше исполнување на предвидената програма. Најнапред, протојереј – ставрофор Ефтим Бетински се обрати пред присутните гости и читајќи го архипастирското послание ги пренесе поздравите од нашиот многуценет надлежен







8. 12. 2017

## СВЕТА БОЖЕСТВЕНА ЛИТУРГИЈА И ГОЛЕМ СОБИР ВО ЦРКОВНАТА ОПШТИНА „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО КАНБЕРА (АВСТРАЛИСКА КАПИТАЛНА ТЕРИТОРИЈА)

На 8. 12. 2017, кога Светата Црква го празнува патронот празник на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, Светиот Климент Охридски, во црковната општина „Свети Климент Охридски“ во Канбера, протојерејот Ѓорѓи Митев во сослужение со старешината на храмот јереј Радојчо Митрев, отслужи Света Златоустова Литургија со што свечено беше прославена храмовата слава.

На Литургијата учество зеде мноштво народ, кој се причести со Светите Христови Тајни.

По Литургијата беше одржан пикник на кој присуствуваше многуброен народ. На соборот присуствуваше и македонскиот амбасадор во Австралија г. Веле Трпевски.

Известува: Јовица Ѓорѓовски,
член на Епархискиот црковно-просветен совет





10. 12. 2017

# ГОЛЕМ СОБИР ВО МАНАСТИРОТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО КИНГ ЛЕЈК, МЕЛБУРН

На 10. 12. 2017, во 27-та недела по Педесетница, кога Светата Црква го празнува, светиот маченик Јаков Персијанец, седумнаесет Индиски преподобни маченици, преподобен Роман Чудотворец, преподобен Пафнутиј, преподобен Натанаил, во манастирот „Свети Климент Охридски“ во Кинг Лејк, игуменот на манастирот, архимандритот Гаврил (Галев) отслужи Света Златоустова Литургија. На Литургијата учество зеде мноштво народ, кој се причести со Светите Христови Тајни.

По Литургијата беше извршен Водосвет и Благословување на славскиот колач.

Во манастирот уште од рано наутро беа отворени манастирските порти и се собра многу народ, кој секоја година традиционално доаѓа на својот традиционален пикник во „Паркот на Македонија“ во Кинг Лејк.

На овој настан, како дел од забавната програма, настапи македонскиот оркестар „Рум Дум Дум“ со богат избор на македонски народни песни и ора. Овој настан уште еднаш на дело покажа дека македонскиот народ може да живее сложно и сплотено и дека Црквата е тоа место на зближување, место каде треба заеднички да ја покажеме својата љубов за доброто на сите, собрани околу својот духовен отец.

Така сплотени во домот Божји, со многу љубов и чувство на духовна радост и исполнетост, народот при крајот на денот со тага го напушти манастирот и монашкото братство.

Известува: Силвана Ѓоргиев










12. 12. 2017

# ПРИСТИГНА НОВИОТ ПАРОХИСКИ СВЕШТЕНИК ВО ЦРКОВНАТА ОПШТИНА „СВЕТА ПЕТКА“ ВО РОКДЕЈЛ, СИДНЕЈ (НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС)

Со благослов на надлежниот архиерей на Австралиско – сиднејската епархија, Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Дебарско – кичевски и Администратор Австралиско – сиднејски г. Тимотеј, во мисија на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија на Австралиско тло, односно во Австралиско – сиднејската епархија пристигна новиот свештеник, презвитерот м-р Владо Недески, кој од Охрид доаѓа на позицијата парох при Македонската православна црквовна општина „Света Петка“ во Рокдејл („Saint Petka“ – Macedonian Orthodox Church – Rockdale - 65 Railway Street, Rockdale NSW 2216).

Новиот парохиски свештеник, отецот Владо, со своето семејство на 12. 12. 2017 година пристигна во Сиднеј. На Сиднејскиот аеродром му беше организиран свечен пречек од страна на Црковниот одбор на црквата „Света Петка“, при што многу народ со радост го пречека својот нов свештеник, со искрена надеж дека со неговото пристигнување конечно ќе се намалат тензиите околу прашањето кој ќе раководи со најголемата црковна општина во Австралија и дека еднаш засекогаш ќе се стави крај на судскиот спор, кој веќе долги години се влече по Австралиските судови, на штета на целата Македонска православна црква – Охридска архиепископија и заедница, а од кој корист имаат единствено само адвокатите, кои ги застапуваат двете страни.



Архимандритот Гаврил (Галев), заедно со верниот народ му посака топло добродојде и успешна мисија во Рокдејл, каде што живее многу голем број македонско население, кое треба конечно да се сплоти и да биде заедно за добробитот на целата македонска заедница.

Со доаѓањето на отец Владо, кој беше и асистент на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, по предметите Литургиско богословие и Хеортологија – ќе продолжи активно со литургиско-богослужбениот и духовно-просветниот живот во црковната општина.

Австралиско – сиднејската епархија со доаѓањето на презвитерот Владо Недески – се здоби со уште еден свештеник со што уште еднаш, покрај низата досегашни проекти, покажа дека се грижи за своите верни чеда.

Од име на цела Епархија на отец Владо му посакуваме топло добредојде во Сиднеј и лесно и среќно прилагодување во новата средина, и секако успешна мисија на новата нива Господова во Австралија.

Известува: Кире Циревски,
член на Епархискиот црковно-просветен совет



ERN JENSEN
FUNERALS
Experts in Macedonian funeral traditions
since 1928



Зборувајте на Македонски јазик со
нашиот консултант
Дарко Перовски

North: 6 Bruce Street, Preston
(near the Preston Market)
9480 1477
West: 2 Arthur Street, St Albans
9364 3466



16 и 18. 12. 2017

## ДЕЛЕГАЦИЈА ОД АВСТРАЛИСКО – СИДНЕЈСКАТА ЕПАРХИЈА ПРИ МПЦ – ОА ПРИСУСТВУВАШЕ НА ИНТРОНИЗАЦИЈАТА НА ЕПИСКОП Г. ВАСИЛИУС ЗА НОВ МИТРОПОЛИТ НА АНТИОХИСКАТА ЕПАРХИЈА ЗА АВСТРАЛИЈА, НОВ ЗЕЛАНД И ФИЛИПИНИ

Further, the main value weaknesses of the modern man, which are the result of his materialistic view of the world, can be corrected only through proper adoption and stimulating the Christian system of values, which will necessarily create a proper attitude to wealth, technological development and achievements, material opportunities that should be perceived exclusively as a means of obtaining nobility and opportunity to share the News of Grace (Gospel) and gaining The Kingdom of God. Today's Christian in this modern and secular society, has the the responsibility to include himself in the Apostolic Mission of the Church. But we can not preach only in words, but also with works worthy of Christians and the little apostles.



Предавање на 11-от МОYA семинар:

# ПРАВОСЛАВНАТА ЦРКВА ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ (ПРОБЛЕМИ, РЕШЕНИЈА, ПРЕДИЗВИЦИ)

*Презвитер Владо Недески*




Драги браќа и сестри, претставници и активисти на МОYA и верни чеда на Македоската православна црква,

Најнапред дозволете ми да искажам топла и искрена благодарност до претседателот на МОYA отец Гаврил и потпретседателот г-дин Ананија, како и останатите организатори, за нивната иницијатива, но и внимание и чест, токму мене да ми ја дадат можноста да Ви се обратам на овој, 11. по ред годишен семинар на МОYA. За мене како теолог и предавач, но и уште повеќе како новодојден во овие простори на земјата, претставува особена чест и привилегија можноста да Ви се обратам и со Вас да споделам некои теолошки погледи и размислувања, кои се во контекст на темата, која е предмет на интерес на овој семинар и ни претстои, а се надевам на успешно и плодоносно дискутирање и елаборирање.

Размислувајќи како да го започнам ова мое обраќање кон Вас, на мисла ми дојдоа секогаш актуелните зборови на нашиот Спасител Господ Исус Христос, кој вели: Јас сум Патот, Вистината и Животот. За патот и животот, ќе зборуваме подолу во текстот, односно ќе се навратиме откако ќе продискутираме за - Вистината. За нас христијаните, Вистината не е апстрактен поим, или состојба ами персонификација во личноста на нашиот Спасител, во личноста на второто лице на Света Троица, односно во Христа. За нас христијаните, следствено на претходно реченото, и Бог не е апстрактна недефинирана маса која стои таму или негде, далеку од човекот, ами троичен Бог, кој преку второто лице на Синот, Господ Исус Христос, ни беше откриен. Знаејќи го Бога, знаејќи го неговиот домострој за спасние на светот, ние осознаваме и за смислата на животот и смислата на постоењето на светот. Значи, за нас христијаните Господ Исус Христос е вистина. Само на овој начин сфатени, овие зборови имаат смисла и ја преточуваат суштината на зборовите на Достоевски, кој во својот дневник на местото каде зборува за - Моето Верују, вели: „Кога некој би ми докажал дека Христос е вон вистината, и вистината кога навистина би го исклучила Христа, јас би сакал повеќе да останам со Христа, а не со вистината". За Достоевски, очигледно Христос е нешто повеќе од само вистина, сфатена во јуридички и филозофски контекст. Филозофско-богословските мудрувања не биле одлика на раните христијани, а зошто е тоа така, има и добра причина. Свежото помнење и надежта за брза или скора Парусија (Второ Христово доаѓање), не оставале простор за надвладување на мудрувањето врз молитвените и благодарствени пракси, кои ја сочинувале сржта на ранохристијанскиот етос и еклисиолошкото битисување.

Во еден ранохристијански документ, кој датира од втората половина на вториот век, за кој се мисли дека е потекнува од просторите на денешна Сирија, а се смета за едно од најстарите христијански пишувања и документи, насловен како „Учење на дванаесетте апостоли- Дидахи" се вели:

„Постојат два пата, едниот е на Животот, а другиот на смрт и голема е разликата помеѓу нив"

Токму така, тоа е вистина, тоа е Христовото учење и тоа се неговите зборови од почетокот на текстот, за кој рековме дека подоцна, односно подолу во предавањето ќе зборуваме. Христос е Вистината, патот и животот. Тоа е реалноста која била вистина и тогаш во четвртиот век, и во дванаесетиот век, и таа вистина сè уште е актуелна и непроменета дури и денес, и без разлика на тоа дали живееме во традиционални и конзервативни општест-

ва, било да живееме во таканаречени модерни, технолошки напредни и секуларни општества.
Тенденцијата на секуларните, односно модерни и мултикултурни општества е системот на вредности врз кој човештвото, а особено христијанството почива, да го сведе на проста релативност, со што би се претставиле сите посебности како индивидуални, самодоволни и самостоечки вистини, кои не противтежат едни со други, ами комплиментарно се надополнуваат. За нас христијаните, еден е Христос, една е вистината, еден е патот кон животот, не може да има многу Христоси, многу вистини и многу патишта кои водат кон живот.
Модерниот христијански човек, исправен пред предизвикот да твори, опстојува и да го оди својот пат со Вистината (Христа) кон животот (Царството Божјо), според архиепископот Аверкиј Таушев, треба да внимава и да се раководи според овие четири главни принципи:

## *1. Никогаш и на било кој начин, не се надевај или потпирај на себеси.*

Што точно мисли со оваа мисла архиепископот Аверкиј? Основната слабост, или болест на модерниот човек, а со тоа и искушенијата на христијанскиот човек кој живее во такви општества е „неоверата“, чија основа е себецентричниот аспект на индивидуата, отсечена од изворот на животот односно Бога. За оваа нова вера, човекот е средиште и смисла на животот, и тој е критериум од кој исклучиво зависат работите понатаму. За таквиот човек, Бог е излишност и закана за неговиот интегритет и авторитет. По таа логика, секој човек е бог сам за себе, и секој човек е вистина, а вистината станува релативна и многубројна. Како богови, таквите луѓе сè што гледаат, анализираат и оценуваат го темелат на своите потреби, тие самите се критериум низ кој ги перцепираат работите. Крајот на оваа идеологија и поставеност е бесмислен. Хрисијанинот својот живот и поставеност кон работите и светот го перцепира низ призмата на верата во Бога и нашата зависност од него. Ако ние не можеме да си додадеме еден милиметар на нашиот раст и не може да се надеваме дека ќе си помогнеме кога ќе се разболиме или ќе ни стане лошо, тогаш за каква централна поставеност на нашата личност станува збор. Зошто и овие работи не зависат од нас самите, и до кога ние ќе можеме и ќе се претставуваме за критериум кога сето тоа релативно кратко трае и по суштина е многу ограничено. Христијанинот е должен да знае дека Бог е оној кој е промислител и седржител, кој е апсолутна вистина и апсолутен критериум, а ние како смртни созданија, зависиме од Неговата волја и негова промисла.

## *2. Секогаш во своето срце имај бескомпромисна вера, надеж и љубов.*

Верата, надежта и љубовта се трите одновни добродетели, кои имаат униврезална и неодминлива сила и значење. Човекот кој секогаш бескомпромисно се потпира на овие добродетели и христијански вистини, себеси се гради во личност која лесно може да плови низ немирните води на искушенијата кои демнат во надворешниот свет. Верата во Бога ни дава утврденост во нашите постапки и дела, затоа што преку верата ние градиме правилен однос кон поимањето на смислата на животот, како и нашата улога како верници, христијани кои пребиваат односно живеат во овој свет. Надежта е силно поврзана со она што верата го продуцира, а вистинската надеж и доверба христијанинот ја поткрепува со Бога и верата во Него. Верувајќи ние се надеваме дека ќе го достигнеме оној блажен живот, во нашата вистинска татковина – Царството Божјо, по кој секој христијанин копнее. На крај љубовта дава дејствителност на сè ова што претходно го говоревме, но претставува и резултат и последица на верата и надежта во Бога. Како што светиот апостол Павле вели, ние може да имаме секакви дарби, секакви знаења, за сите работи, дури и цврста вера планини да поместуваме но....ако љубов немаме ништо не сме. Верувам на сите нам ни е добро позната Одата на Љубовта на свети апостол Павле во тринаесетата глава од Првото послание до Коринтјаните.

## *3. Работи вредно и подвизувај се, односно усовршувај се на патот кон спасението.*

Овој аспект, или принцип е многу важен за нас христијаните, кои честопати се губиме, опуштаме и обезличуваме со мешање во масата на општествените и социјални текови. Христијанинот треба постојано да е во движење, постојано да расте по мерата Христова. Вистинскиот христијанин не се огледува и не се споредува со останатите браќа околу него, затоа што тогаш паѓаме во искушение да осудуваме некој и да се поставуваме себеси како критериум по кој ќе ги отценуваме и ќе ги мериме работите, она што го говоревме во првата точка. За вистинскиот Христијанин, Христос е мерата по која он треба да расте и кон кого треба да се придвижива и подвизува. Христос е патот на спасението кон кого треба да се придвижуваме. Човекот е, се вели образ и подобие на Бога. Да, образот е задобиен и утврден, сакале ние или не сме сакале, но подобието е само потенцијал, можност кој му е даден на човекот и човекот подвизувајќи



се, усовршувајќи се по мерата Христова, треба да го спечали, односно добие. Уподобувајќи се на Бога, ние се движиме по патот на нашето спасение и можноста да станеме богови, но не богови по суштина, туку богови по БЛАГОДАТ ОД БОГА.

## *4. Секогаш моли се и Благодари Му на Бога.*

Преку молитвата христијанинот го остварува својот однос со Бога. Молејќи се ние добиваме благодатни дарови од Бога кои не укрепуваат во нашите немоќи, не укрепуваат и ни помагаат да издржиме на нашиот пат кон спасението, да ги надминеме сите пречки, препреки и искушенија. Учеството на Богослуженијата е исто така круцијален и со ништо незаменлив сегмент со духовниот живот. На светата Литургија, христијанинот има уникална можност да предвкуси од Царството Божјо, да го види и предвкуси она што сите го очекуваме да дојде. Да го прими Христа, преку светата причест, да се соедини со Христа и да стане живеалиште на Бога. Христијанинот кој заради разни искушенија кои ги носи модерното време и секуларните општества, креира разни оправдувања и покривања заради кои не може да учествува во Богослуженијата, самиот несвесно се одлачува од благодатните извори на Црквата, преку кои таа предвидела благодатно да ги напојува своите духовни чеда.

Нашата вера и духовност треба да се основен критериум како ние ќе го перцепираме и како ќе се однесуваме кон светот и општествените и социјални случувања во него. Доколку допуштиме овие општествени случувања да го детерминираат нашиот однос кон верата, тогаш секуларноста и модернизмот, пред сè сериозно наштетуваат на нашата личност, но и на нејзиниот однос со Бога.
Практикувањето на чиста верата, дава можност за наоѓање одговори на многу егзистенционални прашања, кои се карактеристични пречки за модерниот и секуларен човек. Нашата вера и живот, практикувањето на истата, раководена и управувана од искусен духовник, ни ја објаснува смислата на нашето битисување тука на земајата, но ни го покажува и патот кон воспоставување на правилен однос кон останатите круцијални прашања, без притоа да се поставуваме самите како критериум и центар на внимание. Понатаму, главните вредносни слабости на модерниот човек, кои се резултат на неговиот материјалистички светоглед, можат да се исправат само преку правилно усвојување и стимулирање на христијанскиот систем на вредности, кои нужно ќе продуцираат еден правилен однос кон богатството, технолошкиот развој и достигнувања, матерјалните можности, кои треба да се перцепираат исклучително како средства за добивање на благородност и можност за споделување на Благата Вест (Евангелието) и придобивање на Царството Божјо. Денешниот христијанин во ова модерно и секуларно општество, ја носи одговорноста и тој да се вклучи во апостолската мисија на Црквата. Но, не да проповедаме само со зборови, ами и со дела достојни на христијани и мали апостоли.



# НА КОЈ НАЧИН МОЖЕМЕ ДА ДОЈДЕМЕ ДО ПОЗНАНИЕ НА БОГА ВО НАШИОТ ЖИВОТ?

*Архимандрит Гаврил (Галев)*

Бог можеме да го познаеме на повеќе начини. Бог го запознаваме преку исполнување на Божјите заповеди, молитвата и светите тајни во Црквата. Сето тоа донесува до благодатно познание на Бог и наше зближување (соединување) со Него. Бог го познаваме и со читање на Светото Писмо, списите на светите отци и друга духовна литература.

И природата проповеда за големината Божја и преку неа можеме да го запознаеме Бог. Овој тип на познание на Бога преку афирмации уште се нарекува апофатичко (потврдно). Во апофатичкото познание напредуваат оние што водат духовен живот, а од околностите на животот до познание на Бога доаѓаат сите.

## *Како доаѓаме до богопознание во околностите (сето она што ни се случува) во животот?*

- Преку сите радости, тешкотии (несреќи, проблеми, болести...). Но, сето тоа ни покажува дека Бог води грижа за нас: во првиот случај, ни помога дарувајќи ни нешто, а во вториот случај одземајќи ни нешто, заради наше поправање.
- Но, особено тешкотиите (сите тешки околности) нè прават почуствителни и повеќе нè водат кон богопознание: „Кон Господа повикав во потиштеноста своја“ (Псалм 119,1).

Додека, пак, кога сме добро честопати заборавеме да Му заблагодариме на Бога и да се потсетиме дека сите тие дарови се единствено од Него и дека суштината на животот е да го познаеме Бога и се соединиме со Него за животот вечен.

*Свети Симеон Метафраст вели:*
*„Сите овие искушенија ти се случија со праведен суд и заповед од човекољубивиот Бог, бидејќи си се покажал како неблагодарен кон Него“.*

Бога Го познаваме и од молбите за помош на нашиот ближен. Во секој човек треба да Го гледаме Христа. Во испружената рака на сиромавиот е испружената Христова рака. Бог е насекаде и во сè можеме да ја познаеме неговата голема милост.



Архимандрит Гаврил (Галев) е роден во градот Штип, Р. Македонија. Православен богословски факултет завршил во Скопје. Замонашен е од страна на Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Струмички г. Наум. По десет години поминати во Струмичката епархија, Божјата промисла во 2006 г. ќе го однесе отец Гаврил во Австралија, каде е прв македонски монах. Во ноември 2017 година е ракопроизведен во архимандритски чин. Денес е игумен на манастирот „Свети Климент Охридски“ во Кинг Лејк. Тој е многу активен пастир и доста почитуван од македонскиот народ.



# THE NEW METROPOLITAN - SAYEDNA BASILIOS



*“ But we request of you, brethren, that you appreciate those who diligently labor among you, and have charge over you in the Lord and give you instruction, and that you esteem them very highly in love because of their work. Live in peace with one another. “*
1 Thessalonians 5:12-13

It is with great joy that I bring to our readers news from our Sister Orthodox jurisdiction here in Australia, the Antiochian Archdiocese. On the 16/12/2017, at the Cathedral of “St. George” in Redfern, Sydney, the widowed Antiochian Archdiocese received with joy their new shepherd, His Eminence Metropolitan Basilios (Kodseie), a worthy heir to the late Metropolitan Paul (Saliba) of thrice blessed memory.

For those of us who were fortunate to meet and spend time with the late Sayedna Paul, we will fondly remember his vigor for the mission of the Orthodox Church here in Australia, and in particular, his focus on the youth of the Church. He spoke with great passion about the youth and he wanted to encourage them to be his right hand in fulfilling the calling of the Church; helping the less fortunate in our society. This is my indelible memory of Sayedna Paul, and I am sure of many others who were fortunate to have fellowship with him.

I mentioned in the opening paragraph Metropolitan Basilios being a worthy heir to Sayedna Paul. I make this statement confidently knowing that Metropolitan Basilios served as hierarchical assistant to the late Metropolitan Paul from 2010 until his repose and was intimately involved in the Antiochian Orthodox Youth Mission to the homeless, “St. Raphael’s”, and serves as their spiritual adviser. Indeed this is how I first heard of Fr. Basilios, the current Metropolitan. I have had the opportunity to know him and have fellowship with him for the past few years and what struck me is the great relationship he has with the youth.

In light of this, it was a great blessing to be part of the delegation of our Diocese together with Archimandrite Gavril and the newly arrived Fr. Vlado that attended the enthronement of Metropolitan Basilios on the 16/12/2017 and the banquet that followed on the 18/12/17. The enthronement and the banquet were held with the presence of His Beatitude, Patriarch John X of Antioch and all the East. We had the opportunity to congratulate Sayedna Basilios on his enthronement as the shepherd of the Antiochian Archdiocese and pass on the good wishes of our brothers and sisters in the Macedonian Orthodox Diocese of Australia. As a gift of love from our Diocese, we gave Sayedna Paul a portion of the relics of St. Basil the Great, the name of the Saint which he carries. May St. Basil the Great intercede for him!

*Once again we euphorically say “Axios, Достоен, He is Worthy!”.*

Written by:
Aleksandar Mladenovski



## Biography of His Eminence Metropolitan Basilios, Ruling Hierarch of the Antiochian Orthodox Archdiocese of Australia, New Zealand and the Philippines

Metropolitan Basilios was born in Latakia where he studied engineering at the Teshreen University, from where he graduated in 1999 with a Bachelor's Degree in Electrical Engineering.

He continued his higher education in St. John of Damascus institute of theology at the University of Balamand (Lebanon), graduating with a Master's Degree in Theology in 2003. He went on to continue his theological education in Greece, at the Aristotle University of Thessaloniki, within the Department of Pastoral Care and Christian Ethics, where in 2008 he graduated with a Doctorate (Ph.D.) in Theology.

He was ordained to the Diaconate in 2003 and to the holy priesthood in 2005, with the rank of Archimandrite, by Metropolitan Paul (Yazigi) of Aleppo, Alexandretta, and Dependencies, where he served as the Archdiocese Vicar until 2010.

He arrived in Australia in April 2010, where he served as hierarchical assistant to His Eminence, the late Metropolitan Paul Saliba of Thrice-Blessed Memory. Since 2012, he has served as parish priest of St. Mary's Mt. Pritchard Parish, transforming their youth and adult education programs.

In 2012, he founded the St. Raphael Antiochian Mission, a philanthropic body that services the needs of Sydney's homeless, specifically serving food, clothing and social support on a weekly basis and during major holidays. He is a trained volunteer in palliative care via the Calvary Hospital and has continued formal training in counselling and community welfare, completing several courses through the University of Sydney's Centre for Continuing Education, as well as through the Centre for Community Welfare Training (CCWT).

Within Australia, he has lectured at several theological and pastoral conferences and symposiums, and from 2010, he has served as chief lecturer at St. Paul Theology School of the Antiochian Archdiocese, also appearing as a guest lecturer at St. Cyril's Coptic Orthodox Theological College. In 2016, he obtained his teaching accreditation from Australia's leading Orthodox seminary, St. Andrew's Greek Orthodox Theological College. In January 2016, he received his Australian Citizenship.

In 2017, following the repose of His Eminence, Metropolitan Paul Saliba, of Thrice-Blessed Memory, he was appointed as Patriarchal Vicar, serving until his recent election as Metropolitan of the Antiochian Archdiocese of Australia, New Zealand and the Philippines.

He was consecrated to the Holy Episcopacy on November 19th, 2017 at the Lady of Balamand, Lebanon. He was enthroned within the Antiochian Archdiocese of Australia, New Zealand and the Philippines on December 16th, 2017 at the Cathedral of St. George in Redfern, Sydney.

He speaks Arabic, English and Greek.

His name day is 1st of January (St. Basil the Great).

Source:
The Good Shepherd Orthodox Mission. 2017. Meet our Metropolitan. Available at: https://www.thegoodshepherd.org.au/meet-our-metropolitan.

After-school tutoring classes from primary through to HSC
CALL 0414 585 078

English ✓
Maths ✓
Physics ✓
Chemistry ✓
Biology ✓
Economics ✓
Japanese ✓

rockdalecollege.com.au

# КИНОНИЈА

22. 12. 2017

*Ново списание во Македонската православна црква – Охридска архиепископија, во издание на Австралиско-сиднејската епархија:*

## ИЗЛЕЗЕ ОД ПЕЧАТ ПРВИОТ БРОЈ НА ПЕРИОДИКАТА „КИНОНИЈА“

*посветен на големиот јубилеј „50 години возобновена автокефалност на Охридската архиепископија како Македонска православна црква (1967 – 2017)“*

По милоста Божја Ве информираме дека со благослов на нашиот надлежен епархиски архиереј, Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Дебарско-кичевски г. Тимотеј – излезе од печат првиот број, т.е. двоброј 1/2 од периодиката на Австралиско - сиднејската православна епархија – списанието „КИНОНИЈА“.

*Др. Ананија Ананиевски*
*заменик претседател на Македонската православна младина на Австралија (МОYA) и член на Епархискиот црковно-просветен совет (ЕЦПС), кој воедно е член и на Уредувачкиот одбор на списанието „Православие“ и на периодиката „Кинонија“ - по повод излегувањето од печат на нејзиниот прв број упати поздравно слово до сите читатели на списанието, а истиот интегрално ви го пренесуваме:*

## ИСТОРИЈА ДОСТОЈНА ЗА СЕЌАВАЊЕ, ПОЧИТ И ПОУКА

*„Ние сме Македонци. Затоа и нашето творештво треба да биде во служба на македонската кауза“.*
*Никола Вапцаров, „Реферат“, 1938*

ПОЧИТУВАНИ ЧИТАТЕЛИ,

Пред нас е месецот во којшто ќе ја одбележиме 50 – годишнината од прогласувањето на автокефалноста на нашата мајка Црква – Охридската Архиепископија во лицето на Македонската Православна Црква. Пред точно 50 години во Катедралниот храм на древните Охридски архиепископи – „Света Софија“ во Охрид – се случил настанот, кој е вовед во една нова историја, која заеднички секојдневно ја градиме.

Речено е дека „Племето наше е пирej, и не го ништи ни една војска. Ама ти колку сакаш кошкај ја, куби ја, таа пак не умира. Само малку да се допре до земја и пак ќе се фати, ќе оживи...“. Токму истрајноста и борбеноста како дел од генот на нашите предци за кои ни сведочат историските настани од пред 50 години и нам денес ни се сатисфакција да го сочуваме она што сме го наследиле во аманет, но истото и да го умножиме – за да се покажеме како народ свесен и свет. На нашата генерација, како на ниту една до сега, ни останува задачата да останеме истрајни во борбата и идеалот за слободна, независна и демократска Македонија, за автокефалниот статут на нашата Света Помесна Православна Црква: Македонската Православна Црква – Охридската Архиепископија (МПЦ-ОА). Во таа борба, драги браќа и сестри, единствено би изволувале победа доколку секој од нас го даде најдоброто од себе во интерес на Црквата, Татковината и секако на својот народ. И така заедно кон целта да чекориме кон уште милионски годишнини и за секоја да бидеме порадосни. Во овие 50 години, што е најважно самостојни научивме секако многу, справувајќи се секојдневно со проблемите, но уверен сум дека заедно можеме повеќе да постигнеме и да добиеме подобри времиња.

Добро е што ние денес го осветлуваме минатото, но уште подобро би било кога повеќе ќе чекориме кон уште посветла иднина и тоа поучени од минатото, кое иако го осветлуваме, сепак забораваме на пораките на иделозите на истото, кои пак гледаа во нас светла иднина. Не е доволно само да се навраќаме назад, исто така потребно и дупло повеќе да пловиме напред. Тоа враќање назад кон спомените треба да е наш стимул и потсетување




ПО ПОВОД 250 ГОДИНИ ОД УКИНУВАЊЕТО НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА (1767 - 2017) И 50 ГОДИНИ ОД ПРОГЛАСУВАЊЕТО НА АФТОКЕФАЛНА МПЦ (1967 - 2017)

„И заврна дожд и надојдоа реки, и дунаа ветрови, и навалија на таа куќа; но таа не падна, зашто беше изградена од камен“ (Матеј 7, 25)

проф. д-р Драган Зајковски
Институт за Национална историја - Скопје

Абстракт:

КИНОНИЈА

за тоа колку треба да се бориме и движиме кон напредокот. Треба да се бориме за она што ќе остане на идните поколенија. За тоа се бореле и нашите предци, вредните идеолози на Македонија, многубројните борци за своето право на своја самостојна држава и Црква, кои и својот живот го положиле, борејќи се за посветла иднина и тоа заедно како заедница. Таков бил и повикот во 1967 година и сега е сосема истиот – Нашето единство – наша победа!

Од големината на годинешниот јубилејот се роди и полезната идеја да се создаде едно вакво полезно дело – ова значајно списание, кое го носи името Кинонија – што во превод значи Заедница. Овој прв број на списанието е посветен токму на големиот јубилеј – „50 години автокефална Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија“, кое се надевам дека ќе успее да нè обедини во една вистинска заедница.

Списанието е со православна тематика, бидејќи нас ако нешто успеало да нè одржи како народ – единствено нè одржала верата! Верата наша и на нашите татковци – Светото Православие. Списанието изобилува со разни современи теми, кои се надевам дека ќе му бидат од полза на секој православен христијанин. Ќе излегува еднаш годишно како двоброј и истото ќе биде посветувано на некои значајни теми и јубилеи за нашата Помесна Православна Црква.

Во оваа пригода, сакам најнапред и особено да му се заблагодарам на мојот надлежен архиереј, Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Дебарско – кичевски и Администратор Австралиско – сиднејски г. Тимотеј, кој го благослови и поддржа ова благоугодно дело. Благодарност и до сите кои неуморно се вложија, работејќи на најразличен начин на ова списание. А на оние, кои ќе го читаат – им посакувам духовен лет и преуспевање во животот.

И за на крај се надевам дека овој скромен труд – ќе биде само како синапово зрно, еден сосема мал подарок и придонес кон нашата Света Црква – славеничка. Дај Боже уште многу години да се радуваме на вакви јубилеи и секако подај ни набрзо уште подобри времиња и уште поголеми успеси на секое поле.

Со почит,
Др. Ананија Ананиевски,

## ВО ОВОЈ БРОЈ ЌЕ ЧИТАТЕ

ПРЕДГОВОР:
Поздравно слово
*др. Ананија Ананиевски*

Тема на бројот
ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА: 50 ГОДИНИ АВТОКЕФАЛНА МПЦ – ОА

По повод 250 години од укинувањето на Охридската Архиепископија (1767 – 2017) и 50 години од прогласување автокефална Македонска Православна Црква (1967 – 2017)
*проф. д-р Драган Зајковски*

Асномска Македонија и црковното прашање (1943 – 1945)
*проф. д-р Виолета Ачкоска*

За автокефалноста на Македонската Православна Црква – Охридска архиепископија – вонр. проф. д-р Дејан Борисов, ѓакон

ЛИТУРГИСКО БОГОСЛОВИЕ:
Света тајна Евхаристија (Причест)
*Павле Гумеров, свештеник*

ЖИТИЈА:
Светителот на нашето време
*митрополит Струмички г. Наум (Илиевски)*

СОВРЕМЕНО БОГОСЛОВИЕ:
Црквата и младите
*Оливер Суботиќ, презвитер*

СВЕТООТЕЧКО БОГОСЛОВИЕ:
Обожението како цел на нашиот христијански живот
*отец Гаврил (Галев), архимандрит*

ПОУКА:
Да се биде монах
*сестра Илијана (Илкова), игуманија на Марковиот манастир*

ФИЛМ:
I now walk into the wild
*Т. Р.*

МУЗИКА:
Популарната музика – современ јазик на Христа *А. Д.*

ПОЕЗИЈА:
Мојот Христос
*отец Андреј (Конанос), архимандрит*

ИНТЕРВЈУ:
Јас честитам, кога луѓето често се причестуваат
*Калист (Вер), митрополит Диоклијски*

Списанието е бесплатно и можете да го најдете во храмовите на Австралиско – сиднејската епархија, на веб – страната на епархија, како и на овој достапен линк https://www.yumpu.com/xx/document/view/59546512/kinonija-print-so-korica-web
Повеќе информации за списанието, како и сите Ваши забелешки, коментари, критики, пофалби да ни ги испраќате на kinonija@gmail.com.

Кинонија (Заедница) е списание за православна вера, култура, воспитание, образование и наука. Идејата за создавање на едно вакво дополнително списание како периодика во склоп на епархискиот гласник „Православие“ произлезе од потребата на македонските верници во дијаспората, односно во Австралиско – сиднејската епархија, кои пројавуваат интерес за православни теми и прашања, како и за важни настани од животот на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија (МПЦ-ОА).
Со благослов на Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Дебарско – кичевски и Администратор Австралиско – сиднејски г. Тимотеј – ќе излегува од печат еднаш годишно како двоброј и ќе разработува најразлични современи теми.
На крај, на Редакцијата на списанието „Кинонија“ им честитаме и им посакуваме уште поплодна и успешна работа во иднина.

Со почит,
Епархиски црковно-просветен совет


ЗА АВТОКЕФАЛНОСТА НА МПЦ - ОА
„Македонската Православна Црква - наследница на обновената Охридска Архиепископија - се ПРОГЛАСУВА АВТОКЕФАЛНА“.
вонр. проф. д-р Дејан Борисов, ѓакон
Православен Богословски факултет - Скопје



20. 12. 2017

# СЕ ОТПЕЧАТИ КНИГАТА „СВЕТА БОЖЕСТВЕНА ЛИТУРГИЈА НА СВЕТИ ЈОВАН ЗЛАТОУСТ“ - ХОРСКА ВЕРЗИЈА / THE DIVINE LITURGY OF THE SAINT JONH CHRYSOSTOM – CHOIR VERSION

По милоста Божја Ве информираме дека со благослов на нашиот надлежен епархиски архиереј, Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Дебарско-кичевски г. Тимотеј – се отпечати книгата „Света Божествена Литургија на свети Јован Златоуст“ - Хорска верзија / The Divine Liturgy of the saint Jonh Chrysostom – Choir version.

Книгата е хорска верзија и е наменета за употреба при Литургиските богослужби. Изданието е двојазично, на македонски и на англиски јазик. Освен свештеничките молитви, ги има и одговорите, кои народот ги пее за време на Литургијата. Оваа книга е одлично помагало не само на црковните певци и псалти, туку и на целиот Божји народ, кој треба активно да се вклучува и да учествува во богослужението.

Идејата за да се подготви и отпечати оваа книга произлезе од неопходните потреби за поактивно вклучување на народот Божји во богослужбено-литургискиот живот на Светата Црква, па поради тоа Епархискиот црковно-просветен совет на Австралиско-сиднејската епархија посвети внимание и формира посебна Комисија, која успеа да ја изработи и отпечати оваа книга, која се употребува во богослужението, односно во Литургијата.
Промоцијата на книгата се изврши на Македонскиот православен семинар, на 23. 12. 2017 година, кој се одржа во манастирот „Свети Климент Охридски“ во Кинг Лејк.
Книгата можете да ја најдете во храмовите на Австралиско – сиднејската епархија.
Повеќе информации за книгата можете да добиете на следниот е-маил: mpcoau@gmail.com.

На крај, на Комисијата која работеше на составувањето на оваа книга им честитаме и им посакуваме уште плодна и успешна работа во иднина.




Со почит,
Епархиски црковно-просветен совет (ЕЦПС)

# ЗА ПОСТОТ И МОЛИТВАТА

*Св. Јустин Келиски*



Кога несреќниот татко, се вели во Светото Евангелие, го довел својот бесомачен син при Господа Христа и Го молел да го исцели, Спасителот го осцелува момчето на очиглед на многубројниот народ. Апостолите биле посрамени поради тоа што тие не можеле да го истераат нечистиот дух од овој младич. И, кога Спасителот го исцелил момчето, и влегле во домот, апостолите Го прашале: „А зошто ние не можевме да го исцелиме? Ние воскреснуваме мртви, имаме направено многубројни чуда во Твое име, а ете, овој младич остана неисцелен и не можевме да го истераме нечистиот дух од него“. Тогаш Господ им рекол: „Овој род се изгонува само со молитва и пост“. Ете ни скратено Евангелие. Молитва и пост се потребни за човекот да се очисти од секаква нечистотија, да се очисти од секаков ѓавол; и не само од секој грев, туку молитвата и постот осигуруваат победа над секаква немоќ, победа над секој грев, победа дури и над самата смрт. Затоа Евангелието за постот и молитвата е најглавно за секој човек, а особено за нас, христијаните. Кога имаш молитва и пост, кога во нив се подвизуваш, ти се воведуваш во животот вечен.





## СВЕТО ЕВАНГЕЛИЕ СПОРЕД СВЕТИОТ АПОСТОЛ МАТЕЈ 6,14-21

14. Бидејќи, ако им ги простите на луѓето гревовите нивни и вам ќе ви ги прости вашиот Отец небесен;

15. ако, пак, не им ги простите гревовите на луѓето, и вашиот Отец нема да ви ги прости вашите.

16. Кога постите, не бидете жалосни како лицемерите; зашто тие си ги прават лицата мрачни, за да се покажат пред луѓето дека постат. Вистина ви велам, оти тие ја добиле веќе својата награда.

17. А ти, кога постиш, помажи ја главата своја и измиј го лицето свое,

18. па да се покажеш дека постиш не пред луѓето, туку пред својот Отец, Кој е во тајност; и твојот Отец, Кој гледа тајно, ќе те награди јавно

19. Не собирајте богатства на земјата, каде што ги јаде молецот и 'рѓата, и каде што крадците ги поткопуваат и крадат;

20. но собирајте си богатства на небото, каде што ни молец, ниту 'рѓа ги јаде, и каде што крадци не ги поткопуваат, ниту крадат;

21. зашто, каде што е богатството ваше, таму ќе биде и срцето ваше.





## ПОСЛАНИЕ НА СВЕТИОТ АПОСТОЛ ПАВЛЕ ДО РИМЈАНИТЕ 13,11-14 И 14,1-4

11. Па, знаејќи го ова време дека дошол веќе часот, тоа да се разбудиме од сонот, оти спасението е сега поблиску до нас, отколку кога поверувавме.

12. Ноќта помина, а денот се приближи: да ги отфрлиме, пак, сите дела на мракот и да се облечеме во оружјето на светлината.

13. Да одиме чесно како дење – не во срамни гоштавки и пијанство, не во блуд и нечистотија, ниту, пак, во препирка и завист;

14. туку облечете се во Господа нашиот Исуса Христа, и грижата за телото не претворувајте ја во похоти.

1. Слабиот во вера примајте го без расправии за мислењата,

2. оти некој верува дека може да јаде се, а немошниот јаде зеље.

3. Кој јаде, нека не го укорува оној, што не јаде; и кој не јаде, нека не го осудува оној, што јаде, бидејќи Бог го примил.

4. Кој си ти што му судиш на туѓ слуга? Пред својот господар тој стои или паѓа. Но ќе биде исправен, зашто Бог е моќен да го исправи.



ГОСПОДИ ИСУСЕ ХРИСТЕ ПОМИЛУЈ МЕ ГРЕШНИОТ


*Издава:*
Епархиски црковно – просветен совет на Австралиско – сиднејска епархија

*Главен уредник:*
Митрополит Дебарско – кичевски и Администратор Австралиско – сиднејски г. Тимотеј

*Технички и одговорен уредник:*
Архимандрит Гаврил (Галев)

*Уредувачки одбор:*
протојереј – ставрофор Ефтим Бетински, протојереј Чедомир Илиевски, Презвитер Владо Недески, Кире Циревски, др. Ананија Ананиевски, П. Богословски

*Соработници:*
Презвитер Климент Станковски, Јовица Ѓорѓовски, Александар Младеновски, Силвана Ѓоргиев, Даниела Затаркоска, Александра Коциќ

*Лектор:*
Наташа Василевска - Трајчевска

*Графички дизајн:*
Ангел Мицевски

**mpcaus.org**

**pravoslavie@mpcaus.org**